Младински (не)еднакви можности и потреби

Истражување за предизвиците и потребите на младите според големината на местото на живеење

За издавачот

Димитар Низамовски, извршен директор

Авторка

Наташа Станојковска Трајковска

Уредници
Петар Барлаковски

Стефани Спировска

Лектор

Дениз Тесторидес

Графички уредник

Панде Ефтимов

Година на издавање

2021

Овој документ е резултат на истражување спроведено во рамки на проектот „Квалитетни образовни политики и можности за младите" и овозможено со финансиска поддршка на ФОО-Македонија

„Содржината е единствена одговорност на авторите и на грантистот, и на ниту еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата и ставовите на Фондацијата Отворено општество – Македонија."



СОДРЖИНА

ВОВЕД 5
МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП 12
1. Методолошка рамка 12
1.1. Предмет и цел на истражувањето 12
1.2. Истражувачки примерок 12
1.3. Методологија на истражувањето 16
Истражувачки НАОДИ 18
МЛАДИТЕ И НИВНИОТ ЖИВОТЕН СТАНДАРД 18
ОБРАЗОВАНИЕ 38
КУЛТУРА, ЗАБАВА И СПОРТ 51
УЧЕСТВО ВО НОСЕЊЕ ОДЛУКИ 59
ДРУГИ ПРАШАЊА ОД ИНТЕРЕС ЗА МЛАДИТЕ 66
ЗАКЛУЧОЦИ 71
ПРЕПОРАКИ 76
Општи препораки 76
Специфични препораки: 77
КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА 80
ПРИЛОЗИ 83
Прашалник за млади 83
Протокол за фокус групи 96
АНЕКС 99

ВОВЕД

Истражувањето „Младински (не)еднакви можности и потреби – Истражување за предизвиците и потребите на младите според големината на местото на живеење" е спроведено во рамките на проектот *Квалитетни образовни политики и можности за младите* на Младински образовен форум (МОФ), финансиран од Фондацијата Отворено општество – Македонија. Проектот придонесува кон унапредување на младинските политики и младинското информирање, и дава основа за овозможување неформално образование и креирање содржини од млади за млади.

Преку ова истражување се дава приказ на постојните разлики во перцепциите на младите за квалитетот на живот, можностите кои ги имаат младите, како и начините на кои младите ги прават изборите што најмногу влијаат на нивната иднина, како образование, струка и лична надоградба, кои се поврзани со она што го нуди нивната средина. Ова е едно од ретките, ако не и единственото истражување кое ги анализира потребите и можностите на младите во Република Северна Македонија според бројот на жители во нивното населено место како и според планските регионите во државата, овозможувајќи специфични податоци кои надлежните власти треба да ги имаат предвид при креирањето политики. Истражувањето прави преглед на најголемите предизвици со кои се соочуваат младите во различни средини на национално ниво, а преку анализата на добиените податоци, истражувањето нуди компаративна слика на перцепциите за можностите во животот на младите во помалите и поголемите населени места во нашата држава.

Младите во Република Северна Македонија, кои се целна група на ова истражување, се категорија граѓани на која државата ретко гледа издвоено од другите категории граѓани. Дури и кога станува збор за креирање политики наменети за младите, државата почесто има унифициран пристап наместо да ги стави во перспектива потребите на младите со различна позадина, како што се младите од рурални средини и помали градови, младите со попреченост и младите од семејства со ниски примања.

Имајќи го ова предвид, лесно е да се претпостави дека младите по чии „мерки" не се носат политики и решенија имаат помалку избори кога се во прашање образовните можности, можностите за лична надградба и напредок, можностите за себеизразување, како и учество во културни настани.

Недостигот од соодветно креирани политики за млади во областа на образованието, вработувањето или пак социјалната заштита, ниската функционалност на институциите, придонесуваат за зголемување на степенот на младинско иселување од Република Северна Македонија. Иселувањето, незадоволството, како и недостигот од комуникација за активно вклучување на младите во демократските процеси, се дел од факторите кои влијаат на стагнацијата на социјалниот капитал на младите во нашата земја во текот на последните десет години[1]. Отсуството на современи политики, стратегии и документи кои ќе ја унапредат позицијата на младите, преку нивно ефективно вклучување во донесувањето одлуки во образовниот процес, на локално и национално ниво е нешто што низ годините се провлекува како предизвик на образовните, локалните и националните власти.

Последните промени и унапредувања во областа на младинското вклучување, консултирање и активирање во процеси на донесување одлуки од страна на младите се забележуваат во бранот на промени кои ги предизвикаа студентските и средношколските протести во периодот 2014 – 2016 година. Ова беше основа за отпочнување на промената во системското вклучување на младите во процесите на донесување одлуки во рамки на високообразовните институции (преку донесување на новиот Закон за високо образование). Понатаму, следеше креирањето на Законот за младинско учество и младински политики, како и одново отворање на прашањето за измени во Законот за средно образование (кои ќе гарантираат учество на средношколците во донесување на одлуки во рамки на училиштата и образовниот процес).

[1] 10 години статус кво, истражување за социјалниот капитал на младите, Младински образовен форум, 2020 година

Уште една значајна околност која има сериозно влијание на состојбата и позицијата на младите во Република Северна Македонија е Ковид-19 кризата што се провлече во сите сегменти на општественото живеење. Во овој период младите беа една од најпогодените групи граѓани. Почнувајќи од целосната промена на образовниот процес, сериозно отежнување на позицијата на (воопшто лицата) младите со попреченост[2], зголемување на младинската економска нестабилност и недостаток од институционална поддршка која им е потребна на младите, се само дел од предизвиците што ги донесе кризата за младите, а на кои допрва треба да им се најдат соодветни системски решенија.[3]

Актуелна законска рамка која ги уредува младинските политики и младинското учество

Неколку законски решенија генерално ја дефинираат позицијата на младите во нашето општество како на локално и национално ниво, така и во рамките на образовните институции.

Законот за младинско учество и младински политики ги дефинира младите како лица на возраст од 15 до 29 години. Овој Закон го гарантира учеството на младите и младинските политики и Националните стратегии за млади. Дополнително, учеството на младите во високото образование е регулирано со Законот за високо образование (2020)[4], а учеството на младите на пазарот на труд со Оперативните мерки на Агенција за вработување на Република Северна Македонија[5] и Гаранцијата за млади.

Законот за младинско учество и младински политики[6], донесен во 2020 година, е првото законско решение кое гарантира младинско учество и ги

[2] Види: „Влијанието на КОВИД-19 кризата врз лицата со попреченост во Северна Македонија“, Хелсиншки комитет за човекови права, 2021 година, https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2021/06/vlijanieto-na-kovid-19-vrz-licata-so-poprechenost.pdf
[3] Повеќе во: „Млади во Криза“, МОФ, Реактор, ЗМАИ и група ГО, 2020 година: https://mof.mk/wp-content/uploads/2021/07/Mladi-vo-kriza-2.0-Proshirena-verzija.pdf
[4] Закон за високо образование, http://vfb.uklo.edu.mk/wp-content/uploads/2019/11/ZAKON_VISOKOTO_OBRAZOVANIE-final.pdf
[5] https://av.gov.mk/operativen-plan.nspx
[6] https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2020/03/Zakon-za-mladinsko-uchestvo-i-mladinski-politiki-16-01-2020.pdf

пропишува и признава формите на младинско здружување и организирање. Овој Закон регулира како локална така и национална материја поврзана со младинското учество, а со тоа отвора обврски за поддршка на младинското учество како кај општините, така и кај националните институции (Агенцијата за млади и спорт). Ова е првиот закон кој го дефинира младинското учество во Северна Македонија и гарантира учество на младите преку нивните претставнички тела во процесите на креирање политики и донесување одлуки кои ги засегаат нив. Предвидените младински центри и службеници за млади се средство за постојан контакт на младите со институциите. Законот предвидува донесување на локални стратегии за млади и на национална стратегија за млади со траење од 5 години, како најзначајни документи за разработка на активностите за млади кои ги планираат и спроведуваат институциите.[7] До овој момент не е донесена новата **Националната стратегија за млади** за периодот како што е пропишана во Законот. Националната стратегија разработува краткорочни и долгорочни цели за поддршка и унапредување на младинскиот стандард, а има функција на основен документ по кој државата ќе ги планира и насочува средствата за активностите за оваа категорија граѓани согласно сите нивни специфики и потреби кои ги имаат. Националната стратегија за млади претставува стратешки документ со кој се утврдуваат среднорочните цели и приоритети за развој на младинските политики и унапредување на интересите на младите, а ги утврдува и организациските, финансиските и административните мерки за нивно остварување. Содржината на Националната стратегија за млади, начинот за нејзино изготвување и усвојување и периодот на важност се утврдени во делот на политики за млади од Законот за младинско учество и младински политики. Стратегијата и Акциски план се изработуваат од страна на Агенцијата за млади и спорт, а ги донесува Владата. Покрај национална стратегија, Законот предвидува и изготвување на **локални стратегии за млади**. Тоа е стратешки документ во кој, во согласност со Националната стратегија, се утврдуваат среднорочни цели и приоритети за

[7] Повеќе во: Закон за младинско учество и младински политики, 2020 година https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2020/03/Zakon-za-mladinsko-uchestvo-i-mladinski-politiki-16-01-2020.pdf

развој на младинските политики и унапредување на интересите на младите на локално ниво и се утврдува организациски, финансиски и административни мерки за нивно остварување. Локалните стратегии и акциските планови се донесуваат од страна на општините, кои се обврзани за нивна реализација и за формирање на локални младински совети, канцеларии за млади и младински центри.

Во **Законот за високото образование**[8], донесен 2018 година, се предвидува и се гарантира студентско учество во управувањето на универзитетите. Ова законско решение е обемно и ја регулира материјата во високото образование, но најзначајно во овој контекст е гарантирањето независни студентски собранија кои на демократски начин ги пренесуваат ставовите и потребите на студентите на највисоко ниво во рамки на универзитетите.

И покрај отвореното прашање од страна на граѓанските организации и ученичките претставнички тела, **Законот за средно образование**[9] не ги доби потребните промени да го гарантира ученичкото организирање на национално ниво. Иако од неговото донесување во 1995 следат бројни промени во законскиот текст, сè уште недостасува регулирање и гарантирање на ученичкото организирање и учество во процесите на донесување одлуки во училиштата.

Овие закони (Законот за средно и Законот за високо образование) го дефинираат и треба да го гарантираат младинското учество во рамки на образовните институции. Согласно законската рамка, во Република Северна Македонија под младинско учество се подразбира и вклучување на младите во носењето одлуки кои се од клучно значење за нив, активно учество на младите со генерирање идеи и предлози за унапредување на положбата на младите во општеството, како и активно граѓанство и придонес во заедницата од страна на младите. Меѓутоа, активно учество самото по себе не подразбира само вклучување во одредена активност, туку тоа е процес во кој младите ги идентификуваат своите потреби, бараат решенија, планираат и имплементираат активности и имаат

[8] Повеќе во: Закон за високото образование https://mon.gov.mk/stored/document/Zakon%20za%20visokoto%20obrazovanie%20NOV.pdf
[9] http://www.sonk.org.mk/documents/Zakon%20za%20sredno%20obrazovanie.pdf

можност да носат одлуки во своите заедници и општеството во целина. Постојат повеќе начини на кои младите можат да учествуваат во донесувањето одлуки за прашања кои им се важни ним и на целата заедница. Најчестите форми на младинско учество кои се забележани во современите европски општества се следниве[10]

- Волонтерска работа;
- Учество во разни форми на неформално образование;
- Врсничка едукација – вклучување на младите во едукација на своите врсници;
- Младински совети, парламенти, форуми и други структури – традиционален начин на учество во процесот на донесување одлуки во рамките на меѓународни, национални, регионални или локални власти, училиштата, клубови, невладини организации итн.;
- Коменаџмент системи кои постојат во некои институции (на пример, во Дирекцијата за млади и спорт на Советот на Европа), каде што одлуките се донесуваат заедно на еднаква основа со претставници на младите луѓе и претставници на властите;
- Консултации – се користат во процесот на донесување одлуки со цел да се искажат грижите и потребите и да се дадат предлози.

Законите за високо образование, средно образование и младинско учество претставуваат основа за понатамошна општествена вклученост на младите во процесите кои ги засегаат. Речиси е невозможно да се размислува за граѓанско општество без да се размислува за активни млади и групи на граѓани кои дејствуваат на волонтерска основа. Во оваа насока ќе го разгледаме и начинот на кој е регулирано волонтерството во нашата земја. Под волонтерство се подразбираат организирани активности кои имаат три карактеристики: доброволност, благосостојба на друго лице или општа благосостојба и бесплатно обезбедување на услуга или активност.[11]

[10] "Have your say!" - Manual on the Revised European Charter on the Participation of Young People in Local and Regional Life Council of Europe (2008), стр.21

[11] https://www.unv.org/sites/default/files/UNV%20Issue%20Brief%20-%20Basic%20Services%20and%20Volunteerism.pdf

Волонтерството е дефинирано во **Законот за волонтерство**.[12] Тоа се дефинира како доброволно давање на лични услуги, знаења и вештини и/или вршење на други активности во корист на други лица, органи, организации и други институции, без надоместок. Под волонтерство, според овој Закон, не се подразбира вршење на волонтерски стаж, согласно со Законот за работни односи, каде волонтерскиот стаж се предвидува само доколку е услов за полагање стручен испит или за самостојно вршење на дејност.

Голем број истражувања покажуваат дека младите кои се вклучени во активности во локалната заедница имаат повеќекратна придобивка: психолошка, социјална и когнитивна. Од друга страна, пак, 90 % од младите во Северна Македонија никогаш не биле дел од граѓанска/невладина организација или иницијатива која работи на проблеми поврзани со општеството, додека само 20 % од нив можат да се замислат во иднина да се приклучат на некоја од активностите на граѓанска/невладина организација или иницијатива.[13]

Имајќи ја предвид сликата за актуелните законски решенија и предлози, јасна е потребата од можности за вистинско демократско младинско вклучување, потребата од креирање функционални младински сервиси, младински центри и можности за ефективна комуникација со образовните и локалните институции.

Единствено преку постојано следење и документирање на состојбите, изработка на препораки и застапување пред институциите со конкретни барања за младите може да се унапреди положбата на оваа категорија граѓани. Дополнително, преку овие пристапи може да се работи на намалување на разликите во можностите што ги имаат младите во различни средини, особено преку унапредување на можностите на младите во руралните средини и помалите градови.

---

[12] Повеќе во: Законот за волонтерство, јули 2007,Службен весник на РМ бр.85/2007 https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/zakoni/precisten_tekst_volonterstvo.pdf

[13] Галевски, М. (2019).Социо-политичко учество на младите во Северна Македонија: Апатија, оптимизам или разочараност? Фондација за демократија на Вестминстер, Северна Македонија, достапно на https://mof.mk/wp-content/uploads/2021/07/WFD-26-FINAL-MK-za-web.pdf

МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП

1. Методолошка рамка

1.1. Предмет и цел на истражувањето

Предмет и цел на ова истражување е да се направи анализа на потребите и предизвиците со кои се соочуваат младите на возраст од 15 до 29 години во различни средини во сите региони на нашата држава, да се утврдат перцепциите за можностите кои ги имаат, како и постојните разлики меѓу нив во зависност од местото на живеење, образовниот статус, јазикот на настава и говорење, економскиот статус, родот, возраста и сл.

Во фокусот на истражувањето се перцепциите на испитаниците за задоволството и квалитетот на живот, образованието, младинското учество и пристапот до услуги.

1.2. Истражувачки примерок

За потребите на анализата се пополнети 820 прашалници од лица на возраст од 15 до 29 години, при што просечната возраст на примерокот изнесува M = 21,92. Бројот на испитаници варираше во зависност од бројот на жители во даден регион, при што се опфататени млади луѓе од различни позадини во осумте плански региони на Република Северна Македонија.

Кога станува збор за родот на испитанците, 588 од лицата се жени/девојки, 206 мажи, додека 11 претпочитаат да не одговорат на ова прашање.

Испитанците се поделени на 3 групи, и тоа на возраст од 15 до 19 години (N = 239), на возраст од 20 до 24 години (N = 322) и на возраст од 25 до 29 години (N = 221).

Во табела бр. 1 е даден приказот на испитаниците со дистрибуција на нивната фреквенција според возраста поделена во три групи (15 – 19, 20 – 24 и 25 – 29 години) со приказ по осумте плански региони (Вардарски, Источен, Јужен, Југоисточен, Пелагониски, Полошки, Североисточен и Скопски).

Табела бр. 1: Дистрибуција на испитаници по возраст и плански региони

Возраст	Регион								Вкупно
	Вардарски	Источен	Јужен	Југоисточен	Пелагониски	Полошки	Североисточен	Скопски	
15 – 19	3,58 %	1,91 %	1,53 %	1,93 %	5,62 %	1,40 %	8,69 %	5,88 %	30,56 %
20 – 24	2,68 %	2,42 %	6,62 %	2,42 %	7,63 %	2,04 %	4,73 %	13,55 %	41,17 %
25 – 29	1,53 %	1,66 %	2,17 %	1,53 %	2,94 %	0,51 %	3,96 %	13,93 %	28,26 %
Вкупно	7,80 %	6,01 %	9,33 %	5,88 %	16,24 %	3,96 %	17,39 %	33,37 %	100,00 %

Кога станува збор за етничката припадност, 712 од испитаниците се произнесуваат како Македонци, 23 како Албанци, 25 Срби, 3 Бошњаци, 12 Власи, 11 Турци, 8 Роми и 5 со друга националност. Приказот на процентуалната застапеност е даден на слика бр. 1.



Слика бр. 1: Приказ на испитаници според национална припадност

Во однос на местото на живеење, 25 од испитанците живеат во населено место со до 300 жители, 29 во населени места од 301 до 800 жители, 31 во места од 801 до 1.000 жители, 85 од 1.001 до 5.000 жители, 72 од 5.001 до 10.000 жители,

224 од 10.001 до 50.000 жители, 196 во населени места со од 50.001 до 100.000 жители, и 115 во населени места над 100.001 жител. Приказот е даден на слика бр. 2.



Слика бр. 2: Приказ на испитаници според големината на местото на постојано живеалиште

Според степенот на образование, најголем број од испитаниците го имаат комплетирано задолжителното основно и средно образование. Највисок процент (речиси половина од примерокот, или 47 %) имаат комплетирано средно образование.



Слика бр. 3: Степен на образование на испитаниците

Според степенот на образование на родителите, може да забележиме дека и кај двајцата родители (околу 50 %) најголем е бројот на оние кои завршиле средно образование. Приказот е даден во слика бр. 4.



Слика бр. 4: Образовен статус на родителите

Во однос на моменталниот статус, најголем процент од испитаниците, или 39 %, се студенти, потоа 26 % од нив се вработени, а 23 % се средношколци.



Слика бр. 5: Моментален статус на испитаниците

1.3. Методологија на истражувањето

За спроведување на анализата на перцепцијата за потребите и предизвиците со кои се соочуваат младите е користена мултиметодска триангулација, квантитативен метод при обработката на податоците добиени со прашалникот и квалитативен при обработката на податоците добиени со фокус групите. Со оглед на ограничувањата предизвикани од пандемијата со Ковид-19, квантитативно истражување се спроведе преку онлајн анкета во Google формат.

Едно од ограничувањата на истражувањето е што тоа се спроведе преку онлајн формат во текот на летниот распуст, при што не можеше да се таргетираат млади од сите возрасни категории, како и поголем број млади од различни подгрупи (етнички, религиски, според сексуална определба, јазик на настава и сл.)

Сепак, бројката од 820 испитаници, иако случаен, претставува доволно голем примерок за утврдување на доминантните тенденции кои произлегуваат од перцепциите за квалитетот на живот и пристапот до добро образование кај младите во Република Северна Македонија, иако не со можност за целосна генерализација за сите млади во државата. Истражувањето е спроведено на целата територија на Република Северна Македонија, во сите 8 статистички региони. Собраните податоци се презентирани преку описни статистики, табели и слики, кои имаат за цел на јасен начин да ги опишат сите резултати, заклучоци и предлози. Дополнително, согласно повикот за истражување, направена е десктоп анализа на националната легислатива и на претходните истражувања направени на оваа тема. Во рамките на квалитативниот дел спроведени се и две фокус групи со по 5 испитаници.

Ова истражување им е наменето на сите оние кои на кој било начин комуницираат со младите и/или учествуваат во креирањето и практикувањето политики и програми кои го унапредуваат квалитетот на живот на младите: во училиштата, здравствените установи, советувалиштата за млади, центрите за социјална заштита, домовите за деца и млади и семејствата, како и за локалните и централните власти. Истражувањето може да биде корисен инструмент и за унапредување на состојбата со младинскиот активизам, во рацете на организации (владини и невладини) задолжени за следење и заштита на децата и младите од дискриминација, исклученост и социјална нееднаквост во заедницата. Податоците од ова истражување, секако најмногу можат да им помогнат на младите – носители на ова истражување, а притоа и на локалните и централните власти кои со податоците од ова истражување ќе можат да креираат поквалитетни и поинклузивни младински политики. Со овој документ младите и институциите добиваат евиденција за актуелните теми од животот на младите, за кои тие потоа можат аргументирано да разговараат и одлучуваат, што може да стане вистински предизвик за активно вклучување на младите во менување на актуелната состојба.

Истражувачки НАОДИ

МЛАДИТЕ И НИВНИОТ ЖИВОТЕН СТАНДАРД

Животниот стандард го претставува квантитетот и квалитетот на добра и услуги кои се достапни, како и начинот на кој тие добра и услуги се дистрибуирани меѓу луѓето. Поимот животен стандард се однесува на материјалната компонента на квалитетот на живот на луѓето.[14]

Од друга страна, пак, поимот квалитет на живот се однесува на благосостојбата на луѓето. Тој опфаќа повеќе компоненти, меѓу кои едни се мерливи, како на пример, животниот стандард на луѓето, а други немерливи, како на пример: среќата, слободата во изборот, животната средина, уметноста, слободното време, сигурноста, општествениот живот итн. Сепак, најголемиот дел од поимот квалитет на живот се однесува на животниот стандард на луѓето.

Испитаниците имаа можност на скала од 1 до 5 (каде 1 значи најмалку задоволен, а 5 најмногу задоволен) да оценат колку се задоволни во моментов од својот животен стандард. Просечната оценка која испитаниците ја имаат дадено за квалитетот на живот изнесува М = 3,29.

Сепак, кога станува збор за животниот стандард во изминатите три години, за најголем процент од испитаниците (36 % од нив) останал ист.

Кога станува збор за задоволството од квалитетот на живот, мерен на сакала од 1 до 5, каде 1 значи најмалку задоволен а 5 најмногу задоволен, интересно е да се напомене дека најмладите, оние на возраст од 15 до 19 години се најзадоволни од квалитетот на животот, но од друга страна, сите целни групи се над просекот од М = 3,29. Ова веројатно се должи на фактот дека младите имаат пониски очекувања поради помалиот контакт со институциите.

[14] https://www.ncbi.nlm.nih.gov/pmc/articles/PMC4257148/

Табела бр. 2: Задоволство од квалитет на живот во зависност од возраст

Возраст	Средна вредност	Фреквенција
15 – 19	3,63	241
20 – 24	3,11	328
25 – 29	3,18	221
Вкупно	3,29	790

Дополнително, испитаничките од женски пол се позадоволни од испитаниците од машки пол.

Табела бр. 3: Квалитет на живот во зависност од род

Род	Средна вредност	Број
Машки	3,05	205
Женски	3,36	587
Не сакам да се определам	3,30	10
Вкупно	3,28	802

Кога станува збор за регионите во кои живеат, најзадоволни од квалитетот на живот се младите од Вардарскиот регион (3,53), а најмалку задоволни се оние од Југоисточниот регион (3,16).

Табела бр. 4: Квалитет на живот во зависност од регионот во кој живеат младите

Регион	Средна вредност	Број
Вардарски	3,53	62
Источен	3.34	47
Југозападен	3.24	73
Југоисточен	3,16	49
Пелагониски	3,19	128
Полошки	3,18	32
Североисточен	3,48	137
Скопски	3,20	266
Вкупно	3,28	794

Исто така, може да се забележи дека според големината на местото на живеење најзадоволни од квалитетот на живот се младите кои живеат во градови со од 50.000 до 100.000 жители, а најмалку задооволни се оние со 301 до 800, односно од 1.011 до 5.000 жители.

Табела бр. 5: Задоволство на младите според големината на постојаното место на живеење

Задоволство		
Живеење	Средна вредност	Број
1 – 300	3,32	25
301 – 800	3,09	31
801 – 1.000	3,12	31
1.001 – 5.000	3,07	85
5.001 – 10.000	3,26	71
10.001 – 50.000	3,32	224
50.001 – 100.000	3,41	196
над 100.000	3,26	113
Вкупно	3,28	776

Дополнително, направена е споредба на аритметичките средини според градовите во кои живеат младите. Земени се предвид оние општини во кои има повеќе од 15 испитаници. Вака гледано, најзадоволни се младите кои живеат во Свети Николе, а најмалку задоволни се младите од Гази Баба и Битола.

Табела бр. 6: Задоволство на младите според градовите во кои живеат

Задоволство		
	Средна вредност	Број
Аеродром	3,17	45
Битола	3,09	64
Велес	3,52	19
Гази Баба	3,03	27
Гевгелија	3,26	15
Ѓорче	3,43	23
Карпош	3,29	41
Кичево	3,22	49
Куманово	3,52	122
Охрид	3,18	37
Прилеп	3,44	34
Свети Николе	4,00	16
Струга	3,32	28
Тетово	3,29	17
Центар	3,30	43
Штип	3,50	18

За попрецизно утврдување на задоволството од квалитетот на живот на младите, на слика бр. е даден приказ на задоволството во последните три години. Повеќе од една четвртина од испитаниците, или 27 %, сметаат дека квалитетот на живот им е влошен (19 %) или влошен во голема мера (8 %), 36 % сметаат дека немаат промена, а 37 % гледаат подобрување на животниот стандард (30 %) или подобрување во голема мера (7 %).

Слика бр. 6: Процена на квалитетот на животниот стандард на испитаниците во изминатите три години

Во прилог на ова, испитаниците имаа можност на скала од 1 до 5 да проценат каде се наоѓаат во однос на 6 важни сегменти за младите.

Тие се најзадоволни од домувањето, а најмалку задоволни се од работниот статус и од приходите (две приоритетни области на кои треба да се работи).



Слика бр. 7: Аритметичка средина на задоволството на испитаниците од условите во 6 домени

Во продолжение следуваат разликите во однос на посебните домени на истражувањето.

Така на пример, од приходите, најзадоволни се најмладите веројатно затоа што сè уште извор на приход им е семејниот буџет. Образованието, здравството, домувањето и квалитетот на живот се домени од кои повторно најмногу се задоволни најмладите. Веројатно ова се должи на периодот од животот кога сè уште живеат во заедница со родителите и ја имаат нивната поддршка. Од друга страна, пак, од работниот статус најзадоволна е највозрасната група, веројатно затоа што таа е целна група која веќе работи, има свои приходи и придонесува кон семејниот буџет.

Табела бр. 7: Квалитет на живот низ призмата на различни домени во зависност од возраста

Возраст		Приходи	Работен статус	Образование	Здравство	Домување	Квалитет
15–19	Просек	2,93	2,12	3,57	3,39	4,05	3,41
	Број	232	224	236	233	234	236
	Стандардно отстапување	1,30	1,27	1,18	1,24	1,13	1,17
20–24	Просек	2,54	2,12	3,27	2,79	3,57	2,92
	Број	328	322	327	327	327	327
	Стандардно отстапување	1,19	1,27	1,20	1,30	1,31	1,14
25–29	Просек	2,67	2,82	3,48	2,80	3,48	3,05
	Број	221	218	220	220	220	219
	Стандардно отстапување	1,12	1,36	1,16	1,26	1,25	1,13
Вкупно	Просек	2,69	2,32	3,42	2,97	3,69	3,10
	Број	781	764	783	780	781	782
	Стандардно отстапување	1,22	1,33	1,19	1,30	1,26	1,16

Во однос на родовата структура, мажите се најзадоволни од работниот статус, жените се најзадоволни од образованието и квалитетот на живот, а оние кои не сакаат да се изјаснат според род, најзадоволни се од приходите, здравствената заштита и домувањето.

Табела бр. 8: Квалитет на живот низ призмата на различни домени во зависност од родот

Род		Приходи	Работен статус	Образование	Здравство	Домување	Квалитет
Машки	Просек	2,45	2,38	3,253	2,75	3,48	2,84
	Број	205	197	205	204	205	204
	Стандардно отстапување	1,16	1,27	1,30	1,32	1,29	1,22
Женски	Просек	2,77	2,3081	3,47	3,04	3,74	3,19
	Број	578	568	579	577	577	579
	Стандардно отстапување	1,22	1,36	1,14	1,29	1,25	1,14
Нема одговор	Просек	2,90	1,80	3,00	3,20	3,80	2,90
	Број	10	10	10	10	10	10
	Стандардно отстапување	1,37	1,03	1,49	1,13	1,31	,99
Вкупно	Просек	2,69	2,32	3,41	2,97	3,68	3,09
	Број	793	775	794	791	792	793
	Стандардно отстапување	1,22	1,33	1,19	1,30	1,27	1,17

Интересно е да се забележи дека кога станува збор за приходите, младите од Скопскиот регион се најзадоволни (M = 2,56) од работниот статус, од образование се најзадоволни младите во Пелагонискиот и Полошкиот регион (M = 3,50), а од здравство (M = 3,15), домување (M = 3,87)) и квалитет на живот најзадоволни се младите од Вардарскиот регион (M = 3,38)).

Табела бр. 9: Квалитет на живот низ призмата на различни домени во зависност од регионот

Регион		Приходи	Работен статус	Образование	Здравство	Домување	Квалитет на живот
Вардарски	Просек	2,78	2,08	3,47	3,15	3,87	3,38
	Број	60,0	60,00	60,00	60,00	60,00	61,00
	Стандардно отстапување	1,40	1,39	1,16	1,31	1,19	1,29
Источен	Просек	2,65	2,02	3,38	3,02	3,64	3,28
	Број	47,00	47,00	47,00	47,00	47,00	47,00
	Стандардно отстапување	1,12	1,9	1,23	1,29	1,29	1,04
Југозападен	Просек	2,42	2,39	3,32	2,74	3,56	2,88
	Број	73,00	71,00	73,00	73,00	73,00	73,00
	Стандардно отстапување	1,13	1,38	1,22	1,25	1,32	1,09
Југоисточен	Просек	2,65	2,41	3,27	2,90	3,59	2,86
	Број	49,00	46,00	49,00	49,00	49,00	49,00
	Стандардно отстапување	1,38	1,47	1,35	1,29	1,29	1,22
Пелагониски	Просек	2,65	2,00	3,50	2,97	3,72	2,96
	Број	128,00	125,00	128,00	128,00	127,00	127,00
	Стандардно отстапување	1,30	1,24	1,20	1,38	1,30	1,20
Полог	Просек	2,75	2,20	3,50	3,13	3,53	3,25
	Број	32,00	30,00	32,00	32,00	32,00	32,00
	Стандардно отстапување	1,14	1,21	1,.30	1,16	1,44	1,14
Североисточен	Просек	2,72	2,36	3,39	3,15	3,68	3,15
	Број	133,00	128,00	134,00	131,00	133,00	133,00
	Стандардно отстапување	1,14	1,33	1,21	1,31	1,20	1,12
Скопски	Просек	2,78	2,56	3,41	2,89	3,67	3,11
	Број	263,00	260,00	263,00	263,00	263,00	263,00
	Стандардно отстапување	1,21	1,33	1,16	1,30	1,29	1,18
Вкупно	Просек	2,70	2,33	3,41	2,97	3,67	3,09
	Број	785,00	767,00	786,00	783,00	784,00	785,00
	Стандардно отстапување	1,22	1,34	1,20	1,31	1,27	1,17

Со цел да се провери дали степенот на образование на родителот е поврзан со перецепираниот квалитет на живот, пресметан е Пирсонов коефициент на корелација[15]. Резултатите ни покажуваат дека колку е повисок степенот на образование кај родителот, толку е поголемо задоволството од квалитетот на живот кај испитаниците.

Табела бр. 10: Поврзаност на образованието на родителите со задоволството на младите од трите аспекти

		Задоволство	Мајка	Татко
Задоволство	Пирсонов коефициент на корелација	1	,070*	,058
	Ниво на значајност		,049	,105
	Број	807	798	793
Мајка	Пирсонов коефициент на корелација	,070*	1	,758**
	Ниво на значајност	,049		,000
	Број	798	801	794
Татко	Пирсонов коефинциент на корелација	,058	,758**	1
	Ниво на значајност	,105	,000	
	Број	793	794	796

** Корелацијата е значајна на ниво од 0,05*

*** Корелацијата е значајна на ниво од 0,01*

Со цел да се утврди поврзаноста на степенот на образование на родителите со очекувањата на младите (што е тоа што државата прави за одредени целни групи) утврдено е дека постои позитивна корелација, односно дека колку степенот на образование на родителите е повисок, толку младите имаат повисоки очекувања, односно сметаат дека државата прави помалку за одредени целни групи.

[15] Поврзаност помеѓу две варијабли (во случајот поврзаност на образованието на родителите со квалитето на живот на младите)

Табела бр. 11: Улога на образованието на родителите врз ставот за грижата на државата за лица во социјален ризик

	Мајка	Татко
Живеат во сиромаштија	,146**	,148**
Се млади со атипичен развој (лица со попреченост)	,121**	,103**
Се млади кои живеат во загрижувачки семејства или домови	,109**	,068
Се млади со хронични заболувања и/или ретки болести	,093**	,091*
Живеат во поправни домови /издржуваат казна во поправни домови	,108**	,101**
Поминуваат долго време во болница заради специфична здравствена состојба	,102**	,076*
Живеат во неразвиени рурални средини	,123**	,122**

Од друга страна, пак, образованието на таткото е позитивно поврзано со критериумите на младите за квалитетот на образование. Младите чии татковци имаат повисоко образование, во поголема мера сметаат дека усвоиле компетенции во текот на образованието кои ќе им помогнат за вработување. Поголем дел од испитаниците имаат постојано место на живеење со нивните родители и сè уште живеат во внатрешноста на државата.

Табела бр. 12: Корелација помеѓу степенот на образование на родителите и образованието на младите

	Мајка	Татко
Мислам дека образованието што го стекнав ќе ми овозможи вработување во иднина во областа за која учев	,059	,075*
Образованието што го стекнав/стекнувам ми даде/дава знаења и вештини потребни за вработување во професијата	,048	,075*

Кога станува збор за местото на живеење и задоволството од шесте клучни домени, евидентно е дека единствена статистички значајна разлика постои во однос на местото на живеење и домувањето ($F = 2{,}248$, $p < ,05$)[16]

Според големината на местото на живеење, најмалку задоволни од приходите се оние кои живеат во населени места со од 1.001 до 5.000 жители, од работниот статус и квалитетот на живот најмалку задоволни се оние кои живеат во места

[16] Дополнителни податоци во абела 1 во Анекс

од 1 до 300 жители, од образованието и домувањето најмалку задоволни се оние млади во места над 100.000, а од здравството најмалку се задоволни оние млади кои живеат во места од 301 до 800 жители.

Табела бр. 13: Корелација помеѓу големината на местото на живеење и задоволството од шесте домени

Живеење		Приходи	Работен статус	Образование	Здравство	Домување	Квалитет
1 – 300	Средна вредност	2,8333	2,1818	3,6087	3,0435	3,6957	2,8636
	Број	24	22	23	23	23	22
	Ст. отстапување	1,34056	1,46828	1,23359	1,52191	1,52061	1,32001
301 – 800	Средна вредност	2,5484	2,2333	3,0968	2,6774	3,5333	2,9355
	Број	31	30	31	31	30	31
	Ст. отстапување	1,12068	1,35655	1,39892	1,24866	1,38298	1,36469
801 – 1.000	Средна вредност	2,8000	2,4000	3,5667	3,2333	3,5000	3,0323
	Број	30	30	30	30	30	31
	Ст. отстапување	1,24291	1,40443	1,13512	1,30472	1,35824	,98265
1.001 – 5.000	Средна вредност	2,5060	2,2195	3,4699	3,0238	3,3810	3,0119
	Број	83	82	83	84	84	84
	Ст. отстапување	1,19321	1,32427	1,11899	1,34412	1,36130	1,08099
5.001 – 10.000	Средна вредност	2,7465	2,3824	3,4085	2,8732	3,6338	3,0563
	број	71	68	71	71	71	71
	Ст. отстапување	1,26173	1,47648	1,19017	1,35150	1,20995	1,28605
10.001 – 50.000	Средна вредност	2,6726	2,3394	3,4933	3,1031	3,8072	3,1802
	број	223	218	223	223	223	222

	Ст. отстапување	1,26117	1,32484	1,17354	1,28510	1,21312	1,17051
50.001 – 100.000	Средна вредност	2,8872	2,3822	3,4235	2,9692	3,8821	3,2092
	Број	195	191	196	195	195	196
	Ст. отстапување	1,23003	1,30807	1,18506	1,28395	1,19769	1,18197
над 100.000	Средна вредност	2,5565	2,3805	3,2456	2,7699	3,4825	3,0000
	Број	115	113	114	113	114	114
	Ст. отстапување	1,14854	1,35171	1,25198	1,30937	1,33193	1,11308
Вкупно	Средна вредност	2,7034	2,3408	3,4189	2,9766	3,6896	3,1064
	број	772	754	771	770	770	771
	Ст. отстапување	1,22822	1,34263	1,19397	1,30896	1,27332	1,17179

Со цел да се утврди кои групи се најзадоволни од домувањето, пресметани се аритметички средини кои ни покажуваат дека се најзадоволни младите кои живеат во населени места со од 50.001 до 100.000 жители, а оние во населени места од 1.001 до 5.000 жители се најмалку задоволни.

Табела бр. 14: Задоволство од домувањето според големината на местото на живеење

Место на живеење според број на жители	Средна вредност	Број
1 – 300	3,6957	23
301 – 800	3,5333	30
801 – 1.000	3,5000	30
1.001 – 5.000	3,3810	84
5.001 – 10.000	3,6338	71
10.001 – 50.000	3,8072	223
50.001 – 100.000	3,8821	195
над 100.000	3,4825	114
Вкупно	3,6896	770



Слика бр. 7: Графички приказ на задоволство од домувањето според големината на местото на живеење

За појасен преглед беше направена споредба меѓу младите од осумте плански региони во однос на шесте домени. Утврдено е дека постои статистички значајна разлика само во однос на работниот статус. ($F = 2{,}967$, $p < 0{,}05$)[17]
Најзадоволни од работниот статус се младите од Скопскиот регион (2,55), а најмалку задоволни се оние од Полошкиот регион (2,2).

Табела бр. 15: Стандардно отстапување во осумте плански региони

Регион	Просек	Број
Вардарски	2,0833	60
Источен	2,0213	47
Југозападен	2,3944	71
Југоисточен	2,4130	46
Пелагониски	2,0000	125
Полошки	2,2000	30
Североисточен	2,3594	128
Скопски	2,5577	260
Вкупно	2,3259	767

[17] Дополнителни податоци во табела 2 во Анекс



Слика бр. 9: Стандардно отстапување во осумте плански региони

Исто така, испитаниците имаа можност да одговорат во која мера сметаат дека нивниот животен стандард зависи од неколку аспекти на скала од 1 до 5, каде 1 значи незадоволен, а 5 значи многу задоволен.

Младите најмногу веруваат во своите способности и капацитети, како и во поддршката од родителите, а најмалку во партиските врски.

За поздравување е податокот што младите влеваат надеж и сметаат дека политиката и партиските врски не влијаат врз животниот стандард.

Табела бр. 16: Просечна оцена на задоволство на испитаниците од животниот стандард во неколку аспекти

1. Од целокупната ситуација во државата	3,60
2. Од квалитетот на младинските политики и нивната примена	3,21
3. Од степенот на образование што го имам	3,58
4. Од знаењето, способностите и вештините кои ги имам	3,90
5. Од целокупните можности за континуиран развој	3,73
6. Од квалитетот на здравствена заштита што го добивам	3,42
7. Од местото на живеење, во поголем град има повеќе можности за сè	3,72
8. Од врски и пријатели	3,62
9. Од партиски врски	2,87
10. Од висината на приходите со кои располагам (мои и/или на моите родители)	3,81
11. Од целокупната поддршка од моите родители	3,91
12. Од среќата	3,60

Кога станува збор за разликите кои постојат меѓу регионите во однос на задоволството од различни аспекти, може да забележиме дека се јавува единствена статистички значајна разлика во однос на целокупната ситуација во државата. ($F = 2,572$, $p < 0,01$), односно, дека младите од ардарскиот регион сметаат дека во најмала мера нивниот животен стандард зависи од целокупната ситуација во државата, за разлика од оние од Полошкиот регион.

Табела бр. 17: Просечна оцена на задоволство на испитаниците од животниот стандард во неколку аспекти

Регион	Вардарски	Источен	ЈЗ	ЈИ	Пелагониски	Полог	СИ	Скопски
Од целокупната ситуација во државата	3,22	3,47	3,77	4,00	3,70	3,63	3,33	3,70
Од квалитетот на младинските политики и нивната примена	2,97	3,32	3,07	3,41	3,31	3,28	3,11	3,27
Од степенот на образование што го имам	3,47	3,54	3,38	3,63	3,59	3,81	3,66	3,57
Од знаењето, способностите и вештините кои ги имам	3,83	3,81	3,83	3,78	3,91	4,00	3,81	4,03
Од целокупните можности за континуиран развој	3,67	3,72	3,58	3,67	3,72	3,66	3,66	3,85
Од квалитетот на здравствена заштита што го добивам	3,05	3,30	3,24	3,33	3,51	3,50	3,48	3,53

Од местото на живеење, во поголем град има повеќе можности за сè	3,72	3,63	3,78	3,63	3,79	3,81	3,61	3,75
Од врски и пријатели	3,50	3,62	3,49	3,61	3,52	3,69	3,71	3,70
Од партиски врски	2,76	2,91	2,92	3,17	3,02	3,32	2,89	2,70
Од висината на приходите со кои располагам (мои и/или на моите родители)	3,78	3,60	3,63	3,92	3,87	4,00	3,71	3,91
Од целокупната поддршка од моите родители	4,07	3,77	3,55	3,81	3,90	4,22	3,88	4,02
Од среќата	3,64	3,47	3,29	3,57	3,48	3,71	3,63	3,72

Кога станува збор за родот, може да забележиме дека испитаниците од женски род сметаат дека животниот стандард во најголема мера зависи од целокупната поддршка од родителите, исто како и за испитаниците од машки род.

И за испитаниците од машки и женски род, партиските врски во најмала мера влијаат врз животниот стандард.

Табела бр. 18: Просечна оцена на задоволство на испитаниците од животниот стандард во однос на род

Род	Машки	Женски	Не сакам да одговорам
Од целокупната ситуација во државата	3,48	3,65	3,40
Од квалитетот на младинските политики и нивната примена	2,99	3,29	3,40
Од степенот на образование што го имам	3,25	3,70	3.,0
Од знаењето, способностите и вештините кои ги имам	3,78	3,95	3,80
Од целокупните можности за континуиран развој	3,46	3,82	4,00
Од квалитетот на здравствена заштита што го добивам	3,21	3,50	3,70
Од местото на живеење, во поголем град има повеќе можности за сè	3,50	3,80	4,00
Од врски и пријатели	3,47	3,69	3,30
Од партиски врски	2,96	2,86	2,22
Од висината на приходите со кои располагам (мои и/или на моите родители)	3,65	3,88	3,70
Од целокупната поддршка од моите родители	3,73	3,97	4,40
Од среќата	3,26	3,72	3,50

Од друга страна, пак, во споредба на големината на местата на живеење со тоа колку задоволството во животот влијае од одредени сегменти покажува дека постојат разлики во однос на степенот на образование ($F = 2,050$, $p < 0,05$) и знаењата, способностите и вештините на испитаниците ($F = 3,371$, $p < 0,01$).[18]

Приказот на перцепцијата на животниот стандард е даден во табела бр. 18. Испитаниците кои живеат во населени места со од 801 до 1.000 жители во **најмала** мера сметаат дека степенот на образование и знаењата, способностите и вештините придонесуваат за животниот стандард, додека оние кои живеат во населени места со од 10.001 до 50.000 жители во **најголема** мера сметаат дека степенот на образование и знаењата, способностите и вештините во најголема мера придонесуваат за животниот стандард.

[18] Дополнителни податоци во табела 4 во Анекс

Табела бр. 19: Задоволство од животниот стандард во однос на бројот на население во местото на живеење

Место на живеење		Од степенот на образование што го имам	Од знаењето, способностите и вештините кои ги имам
1 – 300	Просек	3,6957	3,8636
	Број	23	22
	Стандардно отстапување	1,25896	1,20694
301 – 800	Просек	3,4516	3,5806
	Број	31	31
	Стандардно отстапување	1,09053	1,05749
801 – 1.000	Просек	3,2667	3,3667
	Број	30	30
	Стандардно отстапување	1,28475	1,40156
1.001 – 5.000	Просек	3,4588	3,6941
	Број	85	85
	Стандардно отстапување	1,34122	1,25379
5.001 – 10.000	Просек	3,3944	3,7183
	Број	71	71
	Стандардно отстапување	1,29260	1,25565
10.001 – 50.000	Просек	3,7444	4,0538
	Број	223	223
	Стандардно отстапување	1,15554	1,10965
50.001 – 100.000	Просек	3,6719	3,9933
	Број	192	193
	Стандардно отстапување	1,24557	1,07122
над 100.000	Просек	3,3214	3,7768
	Број	112	112
	Стандардно отстапување	1,37686	1,22812
Вкупно	Просек	3,5684	3,9009
	Број	767	767
	Стандардно отстапување	1,25795	1,17439

Слика бр. 10: Задоволство на испитаниците од придонесот на степенот на образование согласно местото на живеење



Слика бр. 11: Задоволство на испитаниците од придонесот на знаењето, способностите и вештините согласно местото на живеење

Испитаниците имаа можност да проценат дали и во која мера државата прави доволно и дали ја обезбедува неопходната поддршка за квалитетен живот и животен стандард за младите во однос на 7 аспекти. Евидентна е перцепцијата на младите која покажува дека 3 од 4 млади луѓе сметаат дека државата не прави

ништо за да го подобри квалитетот на живот на 7 целни групи млади, а меѓу нив најлоша е состојбата со оние кои живеат во сиромаштија и во рурални средини.

Младите велат дека кога ќе им се даде шанса и доверба, и кога ќе се оспособат со потребните вештини за да бидат лидери во своите заедници – ќе имаат огромен потенцијал за креативност, иновации и за промени.

Високата невработеност, малите плати, финансиската зависност, нискиот животен стандард, со еден збор економските причини се примарни за иселувањето на младите, но има уште низа други причини кои ги тераат младите да трагаат по подобар живот, како што се перцепциите на младите дека државата не прави доволно за лицата кои живеат во сиромаштија, но и за оние кои живеат во рурални средини.

Табела бр. 19: Перцепција за поддршката од државата на граѓани кои живеат под ризик

Придонесува ли државата за младите кои:	Да	Делумно	Не	Не знам
Живеат во сиромаштија	71	203	492	35
Се млади со атипичен развој (лица со попреченост)	57	216	449	67
Се млади кои живеат во загрижувачки семејства или домови	60	198	442	94
Се млади со хронични заболувања и/или ретки болести	46	216	431	95
Живеат во поправни домови/издржуваат казна во поправни домови	49	162	412	169
Поминуваат долго време во болница заради специфична здравствена состојба	59	180	411	143
Живеат во неразвиени рурални средини	71	188	450	82

ОБРАЗОВАНИЕ

Образованието не нуди само знаење од различни области, туку и можност да се стекне искуство во полето на интерес и на тој начин да се изградиме како личности, а со тоа активно да придонесеме за унапредување на нашата заедница. При процена на перцепцијата за квалитетот на нашиот образовен систем беше понудено испитаниците да се произнесат за квалитетот од повеќе аспекти: наставни програми, избор на предмети според личниот интерес, квалитетни наставници, соодветна училишна инфраструктура (училници, спортска сала, библиотека, двор итн.), техничка опременост и соодветни ресурси за настава и учење, пристап до образование на мајчин јазик, квалитетни учебници и други ресурси за учење и организирање на квалитетна практична настава.

Кога се работи за образовниот систем, како најпозитивни аспекти, младите ги истакнуваат: можноста за образование на мајчин јазик, изборни предмети по свој интерес и можности за воннаставни активности.



Слика бр. 12: Приказ на трите најпозитивни работи во нашиот образовен систем

Во исто време, како најнегативни аспекти ги истакнуваат: техничката опременост и соодветните ресурси за настава и учење, организираната квалитетна практична настава и квалитетни учебници и други ресурси за учење.



Слика бр. 13 Приказ на трите најнегативни работи во нашиот образовен систем

Висок процент, 38,3 %, сметаат дека наставниците не се доволно квалитетни. Во прилог на ова е и исказот на еден од испитаниците, кој смета дека врз нашиот образовен систем влијае и партизацијата на наставниците.

Иако заради малиот број учесници на фокус групата не би можеле да извлечеме генерални заклучоци, сепак мислењата и ставовите на средношколците укажуваат на доминантно понегативни ставови од тие на студентите. Мислењата на средношколците во фокус групите беа поделени и наместа дијаметрално спротивни, па одат од тоа дека не се задоволни од условите за студирање и односот на професорите до тоа дека професорите ги воодушевуваат со својот пристап при пренесувањето на знаењата и односот спрема студентите. Средношколците на фокус групите дадоа спротивни мислења. Цитатите извлечени од фокус групите го потврдуваат тоа:

„Главни проблеми кај младите се што немаат волја, мотивација, заинтересираност. Овие проблеми не се поврзани само со пандемијата, ги имало отсекогаш. Уште од основно образование учениците треба да се мотивираат што повеќе. Образовниот процес има голема улога во мотивираноста."

„Од наставниците не сум задоволен, има секако исклучоци, ама наставниците немаат ентузијазам."

„Наставниците не се мотивирани и заинтересирани, нѐ гледаат како да сме нешто пониско, доколку имаат проблеми не треба да ги истураат на нас. Проблемите треба да ги остават дома и со нас да бидат љубезни и весели."

Студентите даваат повисоки оцени за своите професори. На прашањето дали можат да издвојат некој професор кој им оставил посебен впечаток, студентите набројаа неколкумина:

„Имаме професор кој предава предмети кои апсолутно не ме интересираат зашто не се од мојата струка, но ја сфаќа идејата дека работите треба да се поедностават ако сакаш да те сфатат помлади и помалку искусни и што знаат помалку од тебе, а не само да се употребуваат високо академски термини."

„Професорката предава еден од ретките предмети што е применлив. Се полага со проект кој ние сме го креирале, сме извлекле свои податоци и на крајот ги презентираме. Слично како дипломска, само во еден предмет скоцкано."

Наодите добиени од анкетниот прашалник покажуваат дека 95,4 % од испитаниците истакнуваат дека следат настава на мајчин јазик, а 4,6 % на друг јазик. Со цел да се процени влијанието на мајчиниот јазик, но и образованието врз понатамошниот исход, испитаниците имаа можност да одговорат во која мера се согласуваат со одредени тврдења поврзани со образованието.

Интересно е дека најголем број од испитаниците не би избрале гимназиско образование наместо стручно, дури и доколку можноста за вклучување на гимназиско образование е присутна во местото на живеење, додека пак 60 % од испитаниците, доколку би имале финансии би отишле да учат/студираат на друго место. Дел од одговорите во фокусните групи се во таа насока: „Сметам дека стручното образование е многу подобар избор од гимназиското образование".

„Еве јас завршив фармација, освен што имам диплома за фармацевтски техничар и што во секое време можам да најдам работа, предметите што сум ги учела во средно, од типот аналитичка хемија, биохемија, фармакологија, фармакогнозија..., многу ми се нашле на факултет. Значи имам некои предзнаења и теоретски и, ако ништо друго, кога влегов во лабораторија не се чудев што е тоа епрувета, ерленмаер, бирета итн. како оние од гимназија."

Табела бр. 20: Фактори кои играат улога во изборот на образованието на младите

	Да	Делумно	Не	Не знам, не можам да проценам
Пристапот до образование на мајчин јазик одигра клучна улога во изборот на моето образование	355	165	226	48
Пристапот до образование на мајчин јазик влијае врз академскиот успех	364	219	154	54
Изборот на моето образование зависеше од достапната образовна понуда во моето место на живеење (гимназиско или средно стручно)	398	155	212	26
Би избрал/а гимназиско образование наместо стручно да имав можност за таков избор во моето место на живеење	178	105	404	90
Би избрал/а стручно наместо гимназиско образование да имав можност да ја одберам струката која ја сакам во моето место на живеење	305	118	277	106
Финансиските можности во семејството влијаеја врз мојот избор на училиште/факултет	279	144	348	16
Доколку имам финансиски можности би патувал/а до друго место за да учам/студирам тоа што сакам	493	124	130	39

Со цел да се утврди кои фактори биле клучни при изборот на образование кај младите со различно место на живеење пресметан е Пирсонов коефициент на корелација и утврдено е дека постојат разлики кај лицата со различно место на живеење во однос на ставот дека пристапот до образование на мајчин јазик влијае врз академскиот успех ($F = 1{,}988$, $p < 0{,}054$).[19]

Со ставот дека пристапот до образование на мајчин јазик влијае врз академскиот успех најмногу се согласуваат испитаниците кои живеат во населени места со

[19] Податоци во табела 5 во Анекс

жители од 1.001 до 5.000 лица, а најмалку кај оние кои живеат во места од 10.001 до 50.000 жители.

Табела бр. 21: Задоволство од квалитетот на образование во зависност од големината на местото на живеење

Број на жители	Просек	Број
1 – 300	2,4211	19
301 – 800	2,1852	27
801 – 1000	2,4000	25
1.001 – 5.000	2,5316	79
5.001 – 10.000	2,3385	65
10.001 – 50.000	2,1792	212
50.001 – 100.000	2,2541	181
над 100.000	2,2453	106
Вкупно	2,2759	714



Слика бр. 14: Графички приказ на испитаниците според местото на живеење во однос на ставот дека пристапот до образование на мајчин јазик влијае врз академскиот успех

Кога станува збор за регионите и согласување со тврдењата поврзани со образованието на младите, може да се заклучи дека младите од различни плански региони се разликуваат во однос на ставот дека изборот на образованието зависи од достапната образовна понуда во местото на живеење (гимназиско или средно стручно) ($F = 2,717$, $p < 0,01$) и во однос на ставот дека би избрале стручно наместо гимназиско образование да имале можност да ја

одберат струката која ја сакаат во своето место на живеење (F = 4,334, p < 0,01).[20]

Младите од Југозападниот регион сметаат дека изборот на образованието во најголема мера зависи од достапната образовна понуда во местото на живеење, додека пак младите од Југоисточниот регион во најголема мера би избрале стручно наместо гимназиско образование доколку имале можност да ја одберат струката која ја сакаат во местото на живеење.

Табела бр. 22: Можностите за пристап до образование во различни плански региони

Регион		Изборот на моето образование зависеше од достапната образовна понуда во моето место на живеење (гимназиско или средно стручно)	Би избрал/а стручно наместо гимназиско образование да имав можност да ја одберам струката која ја сакам во моето место на живеење
Вардарски	Просек	2,1579	1,8393
	Број	57	56
	Стандардно отстапување	,88215	,88988
Источен	Просек	2,3778	2,3333
	Број	45	42
	Стандардно отстапување	,83364	,87420
Југозападен	Просек	2,4714	2,0299
	Број	70	67
	Стандардно отстапување	,75607	,96876
Југоисточен	Просек	2,3265	2,4444
	Број	49	45
	Стандардно отстапување	,85117	,78496
Пелагониски	Просек	2,4000	2,0367
	Број	120	109

[20] Дополнителни податоци во табела 6 во Анекс

	Стандардно отстапување	,82401	,92222
Полошки	Просек	1,9677	2,0370
	Број	31	27
	Стандардно отстапување	,94812	,89792
Североисточен	Просек	2,2320	2,2432
	Број	125	111
	Стандардно отстапување	,86263	,88643
Скопски	Просек	2,.1294	1,8707
	Број	255	232
	Стандардно отстапување	,87108	,89762
Вкупно	Просек	2,2447	2,0421
	Број	752	689
	Стандардно отстапување	,85964	,91323



Слика бр. 15: Графички приказ на младите од различни региони во однос на достапната образовна понуда во местото на живеење



Слика бр. 16: Графички приказ на младите од различни региони во однос на тоа дали би избрале стручно наместо гимназиско образование да имале можност да ја изберат струкатa која ја сакаат

Испитаниците имаа можност да проценат и во која мера се согласуваат со двата исказа кои се однесуваат на иднината, а се поврзани со претходното образование кое го стекнале. Така, на скала од 1 до 4, малку над просекот, младите (M = 2,57) сметаат дека образованието ќе им овозможи вработување во областа за која учеле, како и дека образованието им дава знаења и вештини неопходни за вработување во професијата (M = 2,67).

Табела бр. 23: Аритметичка средина на задоволство на младите од стекнатото знаење

Мислам дека образованието што го стекнав ќе ми овозможи вработување во иднина во областа за која учев	2,57
Образованието што го стекнав/стекнувам ми даде/дава знаења и вештини потребни за вработување во професијата	2,67

Голем дел од младите укажуваат на проблемот со фаворизирање на теоретската, наспроти практичната работа. „Теоретската настава е еднолична и монотона, намален е бројот на ученици што доведува до можност да се отворат повеќе стручни професии, соодветен кадар за истите и поврзување на теоријата со праксата...“

Тие, исто така, укажуваат на постојните недостатоци кои ги забележуваат во училиштата: „Пред сè, во училиштата недостигаат најосновни нешта како инвентар, учебници и слично, кога во наредните 5 години би се средил барем тој проблем, би било добар почеток."

„Работа по стручност, задолжителна и остварлива пракса, попрактичен пристап во наставата и одговорна техничка поставеност на образовните институции во однос на пристапноста и опремеността."

Дополнително, испитаниците можеа да наведат какви можности има во нивното место на живеење, а кои се во функција на неформалното образование, младински активизам и личен развој. Најголем број од младите ја истакнуваат можноста за изучување странски јазици и компјутери.

Табела бр. 24: Перцепција на испитаниците за можностите кои ги нудат општините во кои живеат

	Да	Делумно	Не
Можности за посета на пракса (некаква форма на организирани практични часови како дел од твоето формално средно и/или факултетско образование?	219	303	263
Можности за некаков вид организирана волонтерска работа во рамките на вашето училиште/факултет со активности внатре или надвор од училиштето/факултетот?	219	271	288
Можности за младинска работа?	180	303	293
Можности за бесплатна обука, курсеви и обуки што не се во програмата на формалното образование, т.е. тие не се дел од редовната настава на училиште или факултет?	129	212	434
Можности за изучување курсеви за странски јазици, компјутери?	414	206	156
Можности за ученичка и/или студентска размена со млади од други краеви од државата и од други држави?	292	227	256
Можности за учество во програми за одвикнување од зависности?	104	201	467
Можности за психосоцијална поддршка во училиште или надвор од него?	292	227	256

Алармантен е податокот дека само 13,43 % млади имаат можност во своето место на живеење да се вклучат во програми за одвикнување од зависности доколку имаат потреба, како и тоа што само 23,19 % од младите можат да се вклучат во програми за младинска работа, која е прилично актуелна во моментов со новиот Закон за младинско учество и младински политики.

Дури 434 (56 %) од младите немаат можности за бесплатна обука, курсеви и обуки што не се во програмата на формалното образование, т.е. тие не се дел од редовната настава на училиште или факултет.

Табела бр. 25: Приказ на перцепцијата на можностите кои им се нудат на младите од различни региони поврзани со квалитетот на образование

Регион	Вардарски	Источен	ЈЗ	ЈИ	Пелагониски	Полошки	СИ	Скопски
Можности за посета на практика (некаква форма на организирани практични часови како дел од твоето формално средно и/или факултетско образование?	2,02	2,00	2,36	2,18	2,07	2,10	1,96	2,02
Можности за некаков вид организирана волонтерска работа во рамките на вашето училиште/факултет со активности внатре или надвор од училиштето/факултетот?	2,22	2,15	2,23	2,31	2,11	2,00	2,07	1,98
Можности за младинска работа?	2,19	2,17	2,23	2,49	2,13	2,03	2,15	2,07
Можности за бесплатна обука, курсеви и обуки што не се во програмата на формалното образование, т.е. тие не се дел од редовната настава на училиште или факултет?	2,48	2,33	2,53	2,61	2,47	2,48	2,39	2,26
Можности за изучување курсеви за странски јазици, компјутери?	1,63	1,74	1,66	1,69	1,63	1,84	1,55	1,71
Можности за ученичка и/или студентска размена со млади од други краеви од државата и од други држави?	2,18	1,96	2,01	2,31	2,02	2,16	1,90	1,78
Можности за учество во програми за одвикнување од зависности?	2,53	2,50	2,68	2,64	2,48	2,42	2,41	2,39
Можности за психосоцијална поддршка во училиште или надвор од него?	2,40	2,26	2,51	2,55	2,36	2,45	2,36	2,34

Во однос на можностите кои им се нудат на младите од различни региони, а се поврзани со квалитетот на образование, може да забележиме дека младите од Југозападниот регион сметаат дека имаат најмали можности за посета на практична настава. Младите од Југоисточниот регион сметаат дека имаат најмали можности за некаков вид организирана волонтерска работа во рамките на училиштето/факултетот со активности внатре или надвор од училиштето/факултетот, како и можност за младинска работа, можности за бесплатна обука, курсеви и обуки што не се во програмата на формалното образование, односно не се дел од редовната настава на училиште или факултет, можности за ученичка и/или студентска размена со млади од други краеви од државата и од други држави и можности за психосоцијална поддршка во училиштето или надвор од него.

Младите од Североисточниот регион во најголема мера ги истакнуваат можностите за изучување курсеви за странски јазици, компјутери, а младите од Југозападниот – можностите за учество во програми за одвикнување од зависности. Изненадува податокот дека Скопскиот регион, барем според одговорите на младите, не предничи во ниту една од наведените можности.

Согласно големината на местото на живеење, младите во поголемите места на живеење имаат поголеми можности за посета на практична настава (некаква форма на организирани практични часови како дел од нивното формално средно и/или факултетско образование, за разлика од оние кои живеат во места со од 801 до 1.000 жители.

Можностите за некаков вид организирана волонтерска работа во рамки на училиштето/факултетот, со активности внатре или надвор од училиштето/факултетот се најмалку достапни за оние кои живеат во места од 1.001 до 5.000 жители, исто како и можноста за младинска работа.

Табела бр. 26: Перцепција на можностите кои им се нудат на младите од различни региони по големина

Живеење	0 – 300	301 – 800	801 – 1.000	1.001 –5.000	5.001 – 10.000	10.001 – 50.000	50.001 –100.000	над 100.000
Можности за посета на практична настава (некаква форма на организирани практични часови како дел од твоето формално средно и/или факултетско образование?	2,13	2,20	2,30	2,27	2,01	2,13	1,90	1,92
Можности за некаков вид организирана волонтерска работа во рамките на вашето училиште/факултет со активности внатре или надвор од училиштето/факултетот?	2,21	2,20	2,20	2,35	2,20	2,13	1,89	2,01
Можности за младинска работа?	2,26	2,32	2,27	2,34	2,25	2,17	1,95	2,10
Можности за бесплатна обука, курсеви и обуки што не се во програмата на формалното образование, т.е. тие не се дел од редовната настава на училиште или факултет?	2,39	2,66	2,23	2,48	2,37	2,44	2,30	2,34
Можности за посетување курсеви за странски јазици, компјутери?	1,95	1,90	1,77	2,06	1,77	1,59	1,53	1,53
Можности за ученичка и/или студентска размена со млади од други краеви од државата и од други држави?	2,41	2,00	2,00	2,20	2,16	2,02	1,80	1,66
Можности за учество во програми за одвикнување од зависности?	2,41	2,63	2,34	2,53	2,58	2,55	2,31	2,46
Можности за психосоцијална поддршка во училиште или надвор од него?	2,36	2,30	2,37	2,44	2,51	2,43	2,28	2,37

КУЛТУРА, ЗАБАВА И СПОРТ

Четвртиот сегмент на оваа анализа се однесува на можностите за култура и забава во местото на живеење.

На скала од 1 до 4, кај младите постои малку натпросечно задоволство (М = 2,23) од можностите за културни активности во местото на живеење.

Кога станува збор за достапноста, евидентно е дека голем дел од младите немаат некои од основните средства за културен живот во местото на живеење.

Така, 3,2 % немаат ништо од она што беше понудено во прашалникот (кино, театар, концертна сала, балет, уметничка галерија), а само 25,5 % имаат пристап до балетска претстава.

Најдостапна содржина од областа на културата на младите им е театарот, па 68,8 % од испитаниците се определиле за овој избор.



Слика бр. 17: Можности за посета на настани од областа на културата

На скала од 1 до 4, кај младите постои малку натпросечно задоволство (М = 2,39) од можностите за забава во местото на живеење. Во однос на можностите за забава низ државава, може да забележиме дека 79 % од младите наведуваат дека во нивното место на живеење има ноќни клубови, но само 35 % од младите наведуваат дека во нивното место на живеење има скејт-паркови и клубови за јога.



Слика бр. 18: Можностите за забава

На скала од 1 до 4, кај младите постои задоволство (M = 2,69) од можностите за спорт и рекреација во местото на живеење.

Сепак, резултатите ни говорат дека спортските активности се присутни во најголема мера во местата на живеење на младите. Фудбалот е застапен во 90 %, па потоа кошарката како можност за спортување ја наведуваат 76,5 %, а 0,4 % велат дека во нивното место на живеење воопшто не се нудат можности за спортување.



Слика бр. 19: Можности за спортски активности

Ако треба да направиме споредба меѓу задоволството од можностите за културни активности, забава и спорт и рекреација за млади во локалното место на живеење, евидентно е дека младите се најзадоволни од можностите за спорт и рекреација. Споредбата е прикажана на слика бр. 20.



Слика бр. 20: Споредба на различните можности

Сепак, со помош на АНОВА е утврдено дека постојат разлики во однос на степеност на задоволство кај младите со различно место на живеење во однос на можностите за културни активности ($F = 2,359$, $p < 0,05$) и спорт и рекреација ($F = 2,289$, $p < 0,05$).

Така, најмалку задоволни од можностите за културни активности се оние кои живеат во места со од 1.001 до 5.000 лица, а најзадоволни се оние кои живеат во населени места со над 100.000 лица.

Кога станува збор за задоволството од можностите за спорт и рекреација, најнезадоволни се оние кои живеат во населени места со од 1 до 300 лица, а најзадоволни се оние со од 10.001 до 50.000 лица.

Табела бр. 28: Споредба на можности за различни активности во однос на големината на местата на живеење

Живеење		Културни активности	Спорт и рекреација
1 – 300	Средна вредност	2,0909	2,3043
	Број	22	23
	Стандардно отстапување	,92113	,97397
301 – 800	Средна вредност	2,1935	2,4194
	Број	31	31
	Стандардно отстапување	1,07763	1,05749
801 – 1000	Средна вредност	2,2258	2,3871
	Број	31	31
	Стандардно отстапување	1,02338	1,11587
1.001 – 5.000	Средна вредност	1,9878	2,3133
	Број	82	83
	Стандардно отстапување	0,92288	1,03509
5.001 – 10.000	Средна вредност	2,1286	2,4928
	Број	70	69
	Стандардно отстапување	1,03450	1,02359
10.001 – 50.000	Средна вредност	2,1696	2,7175
	Број	224	223
	Стандардно отстапување	0,98771	1,05096
50.001 – 100.000	Средна вредност	2,3750	2,6823
	Број	192	192
	Стандардно отстапување	0,94065	0,98582
над 100.000	Средна вредност	2,4375	2,6339
	Број	112	112
	Стандардно отстапување	0,95654	0,93958
Вкупно	Средна вредност	2,2382	2,5942
	Број	764	764
	Стандардно отстапување	0,97857	1,02153

Табела бр. 29: Задоволство од содржини од областа на култура, забава и спорт

Возраст		Култура	Забава	Спорт
15 – 19	Просек	2,4737	2,5459	2,7489
	Број	228	229	227
	Стандардно отстапување	0,95917	1,05292	1,02337
20 – 24	Просек	2,1446	2,3292	2,5815
	Број	325	325	325
	Стандардно отстапување	0,99101	0,99965	1,03203
25 – 29	Просек	2,1532	2,3665	2,5225
	Број	222	221	222
	Стандардно отстапување	0,92915	0,92272	0,97801
Вкупно	Просек	2,2439	2,4039	2,6137
	Број	775	775	774
	Стандардно отстапување	0,97442	0,99779	1,01699

Во однос на истите мерени димензии, лицата од женски пол се позадоволни од лицата од машки пол.

Табела бр. 30: Приказ на задоволство од активностите од областа на забава, култура и спорт во однос на родот

Род		Култура	Забава	Спорт
Машки	Просек	2,0503	2,2412	2,5200
	Број	199	199	200
	Стандардно отстапување	0,97312	0,98068	1,04646
Женски	Просек	2,3045	2,4533	2,6326
	Број	578	578	577
	Стандардно отстапување	0,96418	0,99674	1,01046
Не сакам да одговорам	Просек	2,1000	2,4000	2,5000
	Број	10	10	10
	Стандардно отстапување	1,28668	1,07497	0,84984
Вкупно	Просек	2,2376	2,3990	2,6023
	Број	787	787	787
	Стандардно отстапување	0,97590	0,99664	1,01798

Во однос на мерените димензии по региони, младите од Скопскиот регион се најзадоволни од можностите за култура, забава, спорт и рекреација

Табела бр. 31: Задоволство од активностите од областа на забава, култура и спорт во однос на регионите

Регион		Култура	Забава	Спорт
Вардарски	Просек	1,9839	2,0508	2,5410
	Број	62	59	61
	Стандардно отстапување	1,09383	1,08951	1,04201
Источен	Просек	2,1064	2,4255	2,5319
	Број	47	47	47
	Стандардно отстапување	0,98321	0,99443	1,03946
Југозападен	Просек	1,9863	2,2603	2,6438
	Број	73	73	73
	Стандардно отстапување	0,92034	0,91329	0,93348
Југоисточен	Просек	2,1224	2,4898	2,5510
	Број	49	49	49
	Стандардно отстапување	0,80707	1,06306	1,00127
Пелагониски	Просек	2,2640	2,3889	2,5520
	Број	125	126	125
	Стандардно отстапување	0.94309	1,00377	1,04307
Полошки	Просек	1,9677	2,2581	2,0968
	Број	31	31	31
	Стандардно отстапување	0,94812	0,96498	1,13592
Североисточен	Просек	2,1769	2,1756	2,4846
	Број	130	131	130
	Стандардно отстапување	0,91893	0,94038	0,93373
Скопски	Просек	2,4656	2,6312	2,7605
	Број	262	263	263
	Стандардно отстапување	1,00037	0,97922	1,03730
Вкупно	Просек	2,2388	2,4005	2,5995
	Број	779	779	779
	Стандардно отстапување	0,97764	1,00067	1,02101

На крајот од овој дел, младите имаа можност да се изјаснат какви промени очекуваат во следните 5 години со цел подобрување на состојбата со културата, спортот и забавата.

Нивните одговори, за жал, ни ја даваат реалната слика за тоа колку малку се прави во моментов за да се задоволат основните потреби и можностите за младите.

Па така, најфреквентните одговори се дадени во табелата подолу. Интересно е дека од одговорите на младите може да забележиме дека спортот, спортските активности и чистиот воздух им се од голема важност и меѓу приоритетите. Следејќи го трендот кој го наметна брзото темпо на живеење и постојаните информации кои ни укажуваат на потребата за грижа за нашето физичко и ментално здравје, младите го истакнуваат спортот како најпотребен во нивното секојдневие.

Наодите од фокус групите укажуваат на малиот број културни активности во помалите градови, како и нееднаква застапеност на содржини во различни населби на градот Скопје.

„Охрид живее само на лето. Од септември е како глув град."

„Јас живеам во населба Чаир, која граничи со центарот на Скопје. Во мојата населба нема никакви можности за забава. Штом ќе ја поминам линијата веќе е сосема поинаква слика. Генерално гледано, градот нуди можности и убави содржини. Треба да се разбуди локалната власт и да размислува за животот на младите."

„Треба да има повеќе културни настани, да бидат луѓето заинтересирани за тие настани, да има повеќе места за спортски активности, да може да ги посетуваат сите, а не само деца од основно или средно училиште, повеќе средени рекреативни простори низ градот и патеки за велосипеди и пешаци".

„Сакам да има место за млади каде што ќе можат да се собираат и дружат, место каде што ќе има квалитетна музика (рок, џез, хип-хоп, реге), место за едукација, како на пример заштита од насилство, советувалишта за млади мајки, место каде што младите можат да го покажат својот талент и, се разбира, да бидат бесплатни зашто сите млади немаат финансии за курсеви, тренинзи."

„Младите треба повеќе да се стекнат со уметничката, традиционалната и современата култура. Да се зголеми достапноста, а воедно и да се вгради љубов на младите кон театар, кино, музеи, галерии, концерти."

Кога станува збор за задоволството од можностите за културни настани, забава и спорт и рекреација, младите на возраст од 15 до 19 години се најзадоволни од можностите кои им се нудат.

За жал, некои од младите токму на оваа возраст го доживуваат првото разочарување. Еден средношколец вели: „Јас сум стрелач, професионален спортист и сум државен првак. Нашата држава нуди можност само на почеток, за напредок поддршка не нуди. Има многу неправдини, јас се фрустрирав што како државен првак не ме зедоа за Европско првенство."

„Има НВО кои нѐ мотивираат, но голем број од младите се водат од тоа дека немаат никаква корист. Јас сум активна и на *Учиме право* во организација на МОФ. На почетокот имаше голем интерес, ама после се откажаа. Имавме прилика да одиме кај претседателот Пендаровски, имаше информација и на страната на МОФ и после им беше криво и се заинтересираа, треба да имаат трпение."

Средношколците од Скопје, Охрид, Гевгелија и Битола сметаат дека Црвениот крст организира најмногу активности.

Учениците од средните училишта, од фокус групата, немаат модел на професор кој ќе биде причина за изборот за идното образование и занимање. Истакнуваат дека неформалното образование има поголема улога и дека оттаму стекнале поголемо искуство. Учесниците во фокус групите ги препознаваат невладините организации (како МОФ и Црвен крст) како организации кои спроведуваат различни активности и преку обуки за млади/неформално образование го поттикнуваат критичкото размислување. Истакнуваат дека невладините организации ги поттикнуваат на критичко размислување.

УЧЕСТВО ВО НОСЕЊЕ ОДЛУКИ

Во изминатата деценија, за учеството на младите честопати се вели дека е „право".

Роџер Харт (Roger Hart), автор на концептот наречен „скала на учество", вели дека учеството претставува основно право на граѓанството затоа што тоа претставува начин како да се научи што значи да се биде граѓанин.

Во практиката, тоа значи дека целите, задачите, улогите, одговорностите, одлуките итн. треба заеднички да се договараат и да се усвојуваат, и дека младите и возрасните точно знаат:

- што сакаат да направат;
- што се очекува од нив;
- што очекуваат од другите;
- како ќе го постигнат тоа;
- каков вид поддршка добиваат и од кого.[21]

Следниот сегмент во рамките на ова истражување се однесува на учеството и донесувањето одлуки. Третина од испитаниците во последните 6/12 месеци учествувале во некој процес на донесување одлуки на ниво на училиште/факултет - 237 испитаници, односно - 29 % - на ниво на општина/државна институција.

Сепак, ако направиме споредба меѓу процентуалното учество на испитаниците од различен род, може да забележиме дека, сепак, кај сите учеството изнесува околу 30 %.

[21] https://www.unicef-irc.org/publications/pdf/childrens_participation.pdf

Табела бр. 31: Младинско учество според род

		Род			Вкупно
		машко	женско	Не сакам да одговорам	
ДА	испитаници	63	171	3	237
	% во рамки на групата	30,3 %	29,1 %	27,3 %	29,4 %
НЕ	испитаници	138	393	6	537
	% во рамки на групата	66,3 %	66,8 %	54,5 %	66,5 %
Вкупно	испитаници	208	588	11	807
	% во рамки на групата	100 %	100 %	100 %	100 %

Во однос на регионот, најголемо е учеството на младите од Источниот и Полошкиот регион.

Табела бр. 33: Младинско учество според регион

		Регион								Вкупно
		Вардарски	Источен	ЈЗ	ЈИ	Пелагониски	Полошки	СИ	Скопски	
ДА	испитаници	18	20	28	13	33	13	36	74	235
	% во рамки на групата	29,0 %	42,6 %	37,8 %	26,5 %	25,8 %	40,6 %	25,7 %	27,8 %	29,4 %
НЕ	испитаници	42	25	45	34	92	17	91	185	531
	% во рамки на групата	67,7 %	53,2 %	60,8 %	69,4 %	71,9 %	53,1 %	65,0 %	69,5 %	66,5 %
Вкупно	испитаници	62	47	74	49	128	32	140	266	798
	% во рамки на групата	100 %	100 %	100 %	100 %	100 %	100 %	100 %	100 %	100 %

Во однос на големината на местото на живеење, пак, најголемо е учеството кај младите во населените места со од 1 до 300 жители.

Табела бр. 34: Младинско учество според големина на местото на живеење

		Големина на место на живеење								Вкупно
		1 - 300	301 -800	801 - 1000	1.001 – 5.000	5.001 - 10.000	10.001 - 50.000	50.001 – 100.000	над 100.000	
ДА	испитаници	9	6	5	24	15	72	65	38	234
	% во рамки на групата	36,0 %	19,4 %	16,1 %	28,2 %	20,8 %	32,1 %	33,2 %	33,0 %	30,0 %
НЕ	испитаници	13	22	25	58	55	146	126	72	517
	% во рамки на групата	52,0 %	71,0 %	80,6 %	68,2 %	76,4 %	65,2 %	64,3 %	62,6 %	66,4 %
Вкупно	Испитаници	25	31	31	85	72	224	196	115	779
	% во рамки на групата	100 %	100 %	100 %	100 %	100 %	100 %	100 %	100 %	100 %

На сликата бр. 21 се прикажани на кои начини младите биле вклучени во донесувањето одлуки. Најголем процент, речиси половината од испитаниците (46,4 %) го остварилe правото на глас на парламентарните избори во 2020 г., но не е мал процентот и на оние кои учествувале во изборен процес на ученички или студентски претставници (37,3 %).

Слика бр. 21: Користење на можностите за избор на различни нивоа

Сепак, на скала од 1 до 5, каде 1 е симболично учество, а 5 е влијание врз одлуката, младите проценуваат дека нивната ефективност била 2,36.

Од друга страна, само 38 од младите (помалку од 5 %) во последните 6/12 месеци биле консултирани од локалните власти во врска со креирање на некоја политика во рамки на заедницата во која живеат.

Најголем процент (18 %) учествувале во процес на создавање локалните младински совети, а 17 % биле консултирани за собирање ѓубре и отстранување на диви депонии.



Слика бр. 22: Можностите на младите за носење одлуки

Во исто време, малку се користи капацитетот на младите кои заминале во поголема средина или на школување или поради вработување. Помалку од половина (42%). Токму ваквите млади луѓе треба да бидат прогресивна сила која ќе се искористи и во развивање на стратегијата за локален развој на местото од каде потекнуваат. Задоволувањето на потребата за важност секогаш е важен аспект за самодовербата кај секоја личност. Консултативната улога на секој млад образовен човек може да биде во функција на подобрувањето на квалитетот на живеење за повеќето млади од таа локална заедница, но и мотивирање за поголемо вложување во креирањето политики, а крајна цел е задржување на младите во местата од каде што потекнуваат.

Табела бр. 35: Застапеноста на консултации на локално ниво

		Консултиран		Вкупно
		Да	Не	
Каде живее	Во моето место	27	411	438
	Во друго место	11	305	316
Вкупно		38	716	754

Позитивно е тоа што младите сметаат дека локалните младински совети може ефективно да ги застапуваат интересите и потребите на младите, па така на скала од 1 до 4, просечната вредност е 2, 55.

Од друга страна, пак, доколку постои можност да станат членови на локалниот младински совет, само 373 (45,48 %) од испитаниците дале потврден одговор.

Интересно е дека при направената споредба помеѓу машките и женските испитаници во однос на тоа дали би сакале да станат членови на локалните младински совети, само 50 % и од машките и од женските испитанички одговориле потврдно.

Табела бр. 36: Интерес за партиципација во локален младински совет во однос на род

		Дали би сакала да бидете член на ЛМС		Вкупно
		1.00	2.00	
Пол	Машко	93	98	191
	Женско	274	283	557
	Не сакам да одговорам	6	3	9
Вкупно		373	384	757

Кога станува збор за местото на живеење, може да се забележи дека исто така процентот е речиси идентичен.

Табела бр. 37: Интерес за партиципација во локален младински совет во однос на местото на живеење

		Дали би сакала да бидете член на ЛМС		Вкупно
		Да	Не	
Живеење	1 – 300	13	10	23
	301 – 800	16	11	27
	801 – 1.000	12	16	28
	1.001 – 5.000	43	33	76
	5.001 – 10.000	30	40	70
	10.001 – 50.000	107	109	216
	50.001 – 100.000	84	104	188
	над 100.000	57	49	106
Вкупно		362	372	734

Сепак, најголем процент (35,1 %) од испитаниците кои не би се вклучиле во локалните младински совети, тоа би го направиле од причина што не ги интересира политиката на локално ниво. Не е многу помал процентот (31 %) и на оние кои сметаат дека учеството би било симболично и со својата партиципација нема да придонесат за никаква реална промена.



Слика бр. 23: Причини за инертност на младите на локално ниво

ДРУГИ ПРАШАЊА ОД ИНТЕРЕС ЗА МЛАДИТЕ

Последното поглавје во рамките на оваа анализа се однесува на останатите прашања кои се од интерес за младите.

Така, на скала од 1 до 3 може да видиме дека младите имаат многу области кои им се од приоритетна важност, како слободно движење и патување, квалитетно образование, континуирана надградба, вработување и економска независност. Дополнително, податоците од табела бр. 30 покажуваат дека најмалку им е важно политичкото учество на скала од 1 до 3.

Табела бр. 31: Области кои се приоритетни за младите

Квалитетно образование согласно моите желби и интереси	2,82
Континуирано надградување на моите знаења и вештини	2,82
Вработување	2,84
Напредување во професијата	2,83
Решавање на станбеното прашање	2,66
Економска независност	2,82
Младите да прават што сакаат и што им е важно	2,56
Политичко учество	1,61
Забава, рекреација и активен одмор	2,77
Активно учество во општествениот живот	2,50
Слободно движење и патување	2,86

Во исто време, на младите им беа дадени голем број тврдења, а тие требаа да проценат колку се согласуваат со нив на скала од 1 до 5. Просечните оцени се дадени во табела бр. 32.

Она што треба да биде задача на која треба да се работи во најголема мера е вложување во иднината на младите. Загрижува фактот дека тврдењето „Многу млади луѓе ја гледаат својата иднина надвор од државата" е најпозитивно оценето од сите испитаници (M = 4,55).

Табела бр. 32: Прашања кои предизвикуваат незадоволство кај младите

Младите во нашата држава се економски зависни од семејството подолг период	4,13
Тешко е да се биде млад човек од маргинализирана заедница во нашата држава (млади со попреченост, млади Роми и од други малцински заедници, млади припадници на ЛГБТ заедницата, млади кои злоупотребуваат дроги итн.)	3,92
Младите не се чувствуваат како носители на демократските промени во државата	4,13
Многу млади луѓе ја гледаат својата иднина надвор од државата	4,55
Младите немаат можност да ги реализираат своите потенцијали во државата	4,27
Мотивите на младите за учество во политичките партии не се базира на доволно познавање на идеологијата, туку на можност за добивање лични бенефиции	4,22
Планирам да заминам од Северна Македонија во следните 1-2 години	3,41

Како заокружување на перцепцијата на младите и задоволството од актуелната состојба, испитаниците имаа задача да проценат во која мера се согласуваат со искази поврзани со можностите за вработување на младите во Република Северна Македонија.

Во однос на сите категории, жените имаат попозитивен став во однос на мажите, освен во однос на исказот дека мотивите на младите за учество во политичките партии не се базира на доволно познавање на идеологијата, туку на можност за добивање лични бенефиции, каде мажите имаат попозитивен став.

Табела бр. 33: Прашања кои предизвикуваат незадоволство кај младите според род

Род	Машко	Женско	Не сакам да одговорам
Младите во нашата држава се економски зависни од семејството подолг период	3,98	4,20	3,89
Тешко е да се биде млад човек од маргинализирана заедница во нашата држава (млади со попреченост, млади Роми и од други малцински заедници, млади припадници на ЛГБТ заедницата, млади кои злоупотребуваат дроги итн.)	3,65	4,01	4,22
Младите не се чувствуваат како носители на демократските промени во државата	4,10	4,14	4,33
Многу млади луѓе ја гледаат својата иднина надвор од државата	4,46	4,58	4,44
Младите немаат можност да ги реализираат своите потенцијали во државата	4,15	4,31	4,44
Мотивите на младите за учество во политичките партии не се базира на доволно познавање на идеологијата, туку на можност за добивање лични бенефиции	4,28	4,20	4,44
Планирам да заминам од Северна Македонија во следните 1-2 години	3,40	3,42	3,78

Младите кои живеат во места со над 100.000 жители, во најголема мера сметаат дека младите во нашата држава се економски зависни од семејството подолг период и дека мотивите на младите за учество во политичките партии не се базира на доволно познавање на идеологијата, туку на можност за добивање лични бенефиции.

Младите кои живеат во места со од 1 до 300 жители сметаат дека: младите не се чувствуваат како носители на демократските промени во државата, многу млади луѓе ја гледаат својата иднина надвор од државата, младите немаат можност да ги реализираат своите потенцијали во државата и планираат да заминат од Северна Македонија во следните 1-2 години.

Табела бр. 34: Прашања кои предизвикуваат незадоволство кај младите според големината на место на живеење

Живеење	1 - 300	301 - 800	801 - 1.000	1.001 - 5.000	5.001- 10.000	10.001 - 50.000	50.001 - 100.000	над 100.000
Младите во нашата држава се економски зависни од семејството подолг период	4,18	4,04	4,07	3,99	4,13	4,18	4,07	4,28
Тешко е да се биде млад човек од маргинализирана заедница во нашата држава (млади со попреченост, млади Роми и од други малцински заедници, млади припадници на ЛГБТ заедницата, млади кои злоупотребуваат дроги итн.)	3,81	3,57	3,78	3,74	4,13	3,96	3,91	4,04
Младите не се чувствуваат како носители на демократските промени во државата	4,33	3,96	3,93	3,99	3,99	4,19	4,11	4,28
Многу млади луѓе ја гледаат својата иднина надвор од државата	4,71	4,46	4,48	4,33	4,57	4,55	4,59	4,64
Младите немаат можност да ги реализираат своите потенцијали во државата	4,62	4,33	4,33	4,00	4,31	4,24	4,31	4,34
Мотивите на младите за учество во политичките партии не се базира на доволно познавање на идеологијата, туку на можност за добивање лични бенефиции	4,05	3,89	4,15	4,16	4,13	4,36	4,13	4,37
Планирам да заминам од Северна Македонија во следните 1-2 години	3,95	3,41	3,67	3,37	3,62	3,40	3,15	3,65

Повторно е евидентна мала доза на песимизам и неверување во системот зашто младите сметаат дека е потешко човек да најде работа ако тој/таа или неговото/нејзиното семејство нема врски, како и дека е полесно човек да најде работа ако потекнува од богато семејство. Дополнително, младите не сметаат дека не е лесно да започнат свој бизнис.

Табела бр. 35: Тешкотиите со кои се среќаваат младите при вработување

Најдобрите работни места во Република Северна Македонија се во јавниот сектор	1,94
Младите во Република Северна Македонија е лесно да започнат свој бизнис	1,39
Ако сакам да започнам бизнис, лесно е да се регистрирам	1,62
Ако сакам да започнам бизнис, лесно е да се добие кредит	1,69
Задоволен сум со својата работа	1,78
За млад човек како мене е полесно да зема социјална помош од државата отколку да бара работа	1,48
Полесно е човек да најде работа ако е маж	1,87
Полесно е човек да најде работа ако потекнува од богато семејство	2,59
Потешко е човек да најде работа ако тој или неговото семејство нема врски	2,65
Нема поента да се пријавувам за работа, бидејќи немам квалификации	1,67
Полесно е да се најде работа надвор од земјата	2,36

Интересно е дека младите од најмалите населени места, со од 1 до 300 жители, сметаат дека најдобрите работни места се во јавниот сектор, но и во поголема мера од другите сметаат дека им е лесно да регистрираат сопствен бизнис.

Живеење	1 - 300	301 - 800	801 - 1.000	1.001 - 5.000	5.001 - 10.000	10.001 - 50.000	50.001 - 100.000	над 100.000
Најдобрите работни места во Република Северна Македонија се во јавниот сектор	2,27	1,86	1,85	2,01	2,04	1,93	1,92	1,87
Младите во Република Северна Македонија е лесно да започнат свој бизнис	1,57	1,68	1,41	1,39	1,42	1,36	1,36	1,41
Ако сакам да започнам бизнис, лесно е да се регистрирам	1,76	1,64	1,56	1,52	1,51	1,65	1,66	1,70
Ако сакам да започнам бизнис, лесно е да се добие кредит	1,71	1,64	1,56	1,70	1,72	1,71	1,67	1,74
Задоволен сум со својата работа	1,76	1,62	1,52	1,66	1,89	1,79	1,90	1,73
За млад човек како мене е полесно да зема социјална помош од државата отколку да бара работа	1,76	1,64	1,35	1,59	1,56	1,42	1,46	1,43
Полесно е човек да најде работа ако е маж	1,90	1,89	1,65	2,04	1,86	1,80	1,89	1,90
Полесно е човек да најде работа ако потекнува од богато семејство	2,57	2,56	2,38	2,60	2,51	2,60	2,67	2,61
Потешко е човек да најде работа ако тој или неговото семејство нема врски	2,76	2,64	2,54	2,62	2,57	2,66	2,70	2,70
Нема поента да се пријавувам за работа, бидејќи немам квалификации	1,90	1,93	1,54	1,73	1,74	1,64	1,62	1,70
Полесно е да се најде работа надвор од земјата	2,50	2,61	2,15	2,45	2,41	2,31	2,37	2,29

ЗАКЛУЧОЦИ

Резултатите од истражувањето ни даваат слика за младинските потреби во помалите и поголемите средини на Република Северна Македонија. Она што го разликува истражувањето од останатите изработени истражувања поврзани со младите и нивниот животен стандард е тоа што ова истражување цели и да ги детектира клучните разлики во перцепциите на младите за специфичните области во зависност од големината на нивното место на живеење. Со ова, читателите, јавноста, но уште поважно надлежните институции – централни и локални – ќе имаат детален увид во клучните проблеми и предизвици со кои се соочуваат младите во сите осум плански региони во државата. Во таа насока, истражувањето креира детална слика за разликите меѓу младите во зависност од големината на нивното место на живеење, односно за разликите меѓу младите коишто живеат во урбани и оние коишто живеат во рурални средини. Заклучоците од ова истражување се поделени во 5 клучни области, но она што се провлекува во сите области е потребата од приспособување на политиките за млади кои се носат на контекстите во кои живеат младите. Односно, со други зборови, првичниот заклучок кој може да се изведе од наодите на истражувањето е дека на младите им се потребни политики по нивни мерки, согласно нивните локални потреби, за да се подобри квалитетот на нивното секојдневие. Генерално погледнато, има простор и потреба за унапредување на законската регулатива која го гарантира и дефинира младинското учество во сите општествени сфери, од образовните институции, преку волонтирање, па сè до вклучување во процеси кои се дел од локалната политика.

Погледнати по клучните области, заклучоците се следни:

Младите и нивниот животен стандард

Во последните 3 години, за најголем дел од испитаниците квалитетот на живот во нивната средина останал ист, а разгледано по возрасни категории, оние млади кои имаат најмалку контакт со институциите се најзадоволни од нивниот квалитет на живот. Подетално, најмладите, оние на возраст од 15 до 19 години, се најзадоволни од квалитетот на животот. Погледнато по региони, младите во југоисточниот дел на РСМ се најмалку задоволни од квалитетот на живот, со просечна оцена 3,16 на скала од 1 до 5. Најзадоволни од квалитетот на живот се младите од Вардарскиот регион (3,53). Во однос на специфични општини, најзадоволни се младите кои живеат во Свети Николе, а најмалку задоволни се младите од Гази Баба и Битола.

Може да се забележи дека според големината на местото на живеење најзадоволни од квалитетот на живот се младите кои живеат во градови со од 50.000 до 100.000 жители, а најмалку задоволни оние со 301 до 800, односно од 1.011 до 5.000 жители. Она што најмногу загрижува е дека повеќе од една четвртина од испитаниците сметаат дека квалитетот на живот им е влошен (27

%) или дека е влошен во голема мера (8 %). Овие наоди ни посочуваат дека политиките кои се носат за младите се соодветни за некои региони, а за некои региони се недоволни, како и дека младите кои самостојно комуницирале со институциите за некоја своја потреба се помалку задоволни од квалитетот на нивниот живот во споредба со младите кои не се нашле во ваква ситуација. Оттука, потребно е олеснување на комуникацијата со институциите и константно прибирање на податоци за потребите на младите во сите региони.

Испитаниците имаа можност на скала од 1 до 5 да проценат каде се наоѓаат во однос на 6 важни сегменти за младите (приходи, работен статус, образование и обука, здравствена заштита, домување и квалитет на живот). Тие се најзадоволни од домувањето, а најмалку задоволни се од работниот статус и приходите. Кога станува збор за приходите, најзадоволни се најмладите веројатно затоа што сè уште извор на приход им е семејниот буџет. Образованието, здравството, домувањето и квалитетот на живот се домени од кои повторно најмногу се задоволни најмладите.

Според големината на местото на живеење, најмалку задоволни од работниот статус и квалитетот на живот се оние кои живеат во места од 1 до 300 жители, од здравството оние испитаници во места од 301 до 800 жители, од приходите се оние кои живеат во населени места со од 1.001 до 5.000 жители, од образованието и домувањето се оние во места над 100.000. Овие податоци ни сугерираат дека можностите за работа и приходи, пристапот до здравствени услуги и квалитетот на живот се многу помали за младите од малите места и рурални средини за разлика од нивните врсници од поголемите места и градови. Со цел да се утврди кои групи се најзадоволни од домувањето, се пресметаа аритметички средини кои ни покажуваат дека младите кои живеат во населени места со од 50.001 до 100.000 жители се најзадоволни од домувањето, а оние во населени места од 1.001 до 5.000 жители се најмалку задоволни.

Што се однесува до работниот статус, најзадоволни од работниот статус се младите од Скопскиот регион (2,55), а најмалку задоволни се оние од Полошкиот регион (2,2). Тука би потенцирале дека испитаниците кои живеат во населени места со од 801 до 1.000 жители во најмала мера сметаат дека степенот на образование и знаењата, способностите и вештините придонесуваат за животниот стандард, додека оние кои живеат во населени места со од 10.001 до 50.000 жители во најголема мера сметаат дека степенот на образование и знаењата, способностите и вештините во најголема мера придонесуваат за животниот стандард. Високи 54 % од испитаниците сметаат дека државата не придонесува за младите кои живеат во неразвиени рурални средини, 60 % сметаат дека државата не придонесува за младите кои живеат во сиромаштија и 54 % сметаат дека државата не придонесува за младите кои се со атипичен развој, односно лица со попреченост.

Образование

Во областа образование, истражувањето имаше за цел да ја утврди можноста на младите да изберат образовна насока, а истовремено да ја земе предвид младинската перцепција за квалитетот на образовните можности. Од наодите на истражувањето се гледа дека за младите најпозитивен аспект од образовниот процес е можноста за образование на мајчин јазик и избирање предмети кои се од нивен интерес. Од друга страна, пак, како најнегативни аспекти се истакнуваат техничката опременост на училиштата, образовната практична настава и квалитетот на ресурсите за учење. Учесниците во истражувањето го потенцираа и ниското ниво на квалитет на наставниот кадар. За жал, кога би имале доволно финансии, високи 60 % од испитаниците (кои сега учат во своето место на живеење) би избрале да учат во друго населено место. Во однос на дополнителните фактори кои играат улога при изборот на образование на младите, 38 % од испитаниците одговориле дека би избрале стручно наместо гимназиско образование кога би имале можност да ја изберат посакуваната струка во нивното место на живеење, 48 % од испитаниците одговориле дека изборот на нивното образование зависел од достапната образовна понуда во нивното место на живеење (гимназиско или средно стручно), додека пак 44 % сметаат дека пристапот до образование на мајчин јазик влијае врз академскиот успех.

За младите во малите населени места (1.001 – 5.000 жители) пристапот до образование на мајчин јазик е значајно за академскиот успех кој го имаат. Од друга страна, пак, со ова најмалку се согласуваат младите од големите населени места (10.001 – 50.000 жители). При креирање на следните образовни политики мора да се земат предвид потребите на младите во сите средини, колку за илустрација – младите ги прават своите образовни избори врз основа на постоечките можности во нивните населени места.

Во таа насока, младите од Југоисточниот регион имаат најголема потреба од избор за стручно образование, најголем дел од нив би избрале стручно наместо гимназиско образование доколку имаат можност за тоа. Имајќи ја предвид важноста на неформалното образование во образовниот процес, истражувањето покажува наоди и за пристапот до овие форми на образование на младите. Повеќе од половина од испитаниците (56 %) немаат пристап до неформални образовни можности. Можноста за волонтерство и практична работа е исто така значајна во образовниот процес на младите, но за жал и овие можности се најдостапни за младите во поголемите средини.

И наодите во оваа област укажуваат на политики кои не се апликативни на национално ниво, особено кога станува збор за пристап до стручно образование и неформални образовни можности, како и недостаток од можности и поддршка за образовна мобилност во рамки на државата.

Култура, забава и спорт

Како клучен сегмент од младинското секојдневие, истражувањето ги вклучи и можностите за култура, забава и спорт. Па така, 79 % од младите сметаат дека во нивните населени места имаат места за забава. Имајќи го на ум овој податок, може да заклучиме дека младите се повеќе задоволни од можностите за рекреација и спорт, споредено со пристапот до културни активности. Повторно, младите кои живеат во помали населени места се најмалку задоволни од културните можности, а лицата кои живеат во поголемите населени места се најзадоволни и од можностите за спорт и рекреација. Значајно е дека од одговорите на младите забележуваме дека спортот, спортските активности и чистиот воздух им се битни приоритети за нив. Наодите од фокус групите укажуваат на малиот број културни активности во помалите градови, како и нееднаква застапеност на содржини во различните населби на градот Скопје. Кога станува збор за задоволство од можностите за културни настани, забава и спорт и рекреација, младите на возраст од 15 до 19 години се најзадоволни од можностите кои им се нудат.

Ова ни покажува дека дури и кога станува збор за културни активности и можности за рекреација, кои сами по себе како политика не се носат за конкретна категорија граѓани, повторно имаме потфрлање во помалите средини. Недостатоците од кина, театри и музеи ги чувствуваат сите граѓани во овие населени места, но особено сериозна е загубата што ја имаат овие млади лица во споредба со нивните врсници кои живеат во поголемите средини. Ова не се одразува само како пропуштена можност за индивидуален развој, туку и како бариера меѓу младите и нивното евентуално ангажирање во овие области.

Учество во носење одлуки

Младинското учество во носењето одлуки е показател за активното граѓанство на младите во РСМ. Индикатор за младинската незаинтересираност за учество во креирање на локалната политика е тоа што повеќе од половина од испитаниците не би се вклучиле во локален младински совет доколку би имале можност за тоа, 31 % од овие млади сметаат дека нивната партиципација би била само симболична. Контрадикторно на ова, пак, на скала од 1 до 4 испитаниците даваат оцена 2,55 на тврдењето дека локалните младински совети можат ефективно да ги застапуваат интересите и потребите на младите. На оваа состојба влијание има фактот што само 5 % од испитаниците во последните 12 месеци биле консултирани од локалните власти.

Најголем процент од испитаниците (18 %) учествувале во процес на создавање на локалните младински совети, а 17 % биле консултирани за собирање ѓубре и

отстранување на диви депонии. Најголемо е учеството на младите од населените места со од 1 до 300 жители.

Може да заклучиме дека ниското ниво на комуникација и консултација помеѓу младите и локалните власти влијае на младинската ниска заинтересираност за демократските процеси и учеството во нив. Во оваа насока треба да се размисли за конкретни активности кои ќе им овозможат на младите да ја препознаат нивната општествена улога и можностите за активно граѓанство.

Други прашања од интерес за младите

За крај, истражувањето ни дава увид и во останати прашања кои се од интерес за младите. Наодите ни покажуваат дека со просечна оцена 4,55 (на скала од 1 до 5) својата иднина младите ја гледаат надвор од државата. Младите во населените места со од 1 до 300 жители, пак, планираат да заминат од РСМ во наредните 2 години.

Во населените места со над 100.000 жители, младите сметаат дека во голема мера се економски зависни од родителите, а од друга страна, пак, не перципираат дека можат да направат промена преку граѓанско учество. Интересно е дека во најмалите населени места со од 1 до 300 жители, младите сметаат дека најдобрите работни места се во јавниот сектор, но и во поголема мера од другите сметаат дека им е лесно да регистрираат сопствен бизнис.

Тие сметаат дека учеството во политиката/политичките партии не се базира на идеологија, туку исклучиво за лични бенефиции. Младите не веруваат на исправното функционирање на системот и оттука за нив наоѓањето работа е значително поверојатно да се случи преку контакти и врски.

Ова ни покажува дека во голема мера ни недостасуваат мерки за поддршка на младите во помалите средини, преку кои тие ќе можат да ја препознаат својата улога во средината во којашто живеат, а дополнително ќе можат да ги развиваат своите капацитети и ќе можат да најдат работа за да го остварат својот потенцијал.

ПРЕПОРАКИ

Општи препораки

Младински политики треба да се адаптирани на локалниот контекст и да се скроени според проблемите, потребите и барањата на младите од специфичниот регион и местото на живеење за кои тие се носат.

Честопати надлежните институции, особено оние на централна власт, ги третираат младите како хомогена демографска група, група со исти потреби, проблеми и предизвици, креирајќи општи генерални политики кои најчесто не ја задоволуваат целта поради која е направена таа политика. Она што ова истражување го покажа е дека младите, и покрај тоа што се сметаат за одделна демографска група, сепак се една хетерогена целина, односно дека младиот човек што живее во помало населено место (урбано или рурално) има потреби и проблеми поразлични од тие на младиот човек кој живее во место со поголем број жители. Истото се однесува и во однос на планските региони во државата – и тука младите се разликуваат во однос на проблемите и предизвиците со кои се соочуваат, иако постојат некои генерални проблеми што ги делат – како што се, на пример, квалитетот на образование и економската стабилност и независност. Оттука, надлежните институции – и централни и локални – при процесот на креирање политики наменети за млади треба да ги имаат предвид овие информации, односно дека е потребно да се креираат политики кои ќе бидат адаптирани на локалниот контекст, односно политики кои ќе бидат во согласност со проблемите, барањата и предизвиците на младите во специфичниот регион и местото на живеење со цел да се овозможи максимален можен развој на младите и целосно искористување на нивниот потенцијал. Ова е од исклучителна важност поради тоа што е важно на секој млад човек да му се даде еднаква шанса за развој и напредок без разлика на неговото односно место на живеење, дали е урбано или рурално, мало или големо.

Појдовни точки за дефинирање на препораките се клучните наоди од спроведеното истражување, а препораките кои следат се поделени во 6 категории согласно институциите на кои најмногу се однесуваат. Секој сет препораки е директно поврзан со резултатите, односно со проблемите кои ги нотира ова истражување, а за подобрување на состојбите потребни се кросс-секторска работа и координирање на имплементацијата на политиките чие донесување зависи од повеќе актери.

Специфични препораки:

Препораки кои се однесуваат на Министерство за труд и социјална политика

1. Креирање на економски и социјални политики специфично насочени кон помалите населени места, имајќи го предвид фактот дека младите кои живеат во овие места се најмалку задоволни од животниот стандард (во соработка со Министерството за финансии и Министерство за економија).
2. Креирање на политики наменети за специфични групи млади, како што се младите коишто живеат во сиромаштија, во неразвиените рурални средини, како и младите коишто се со атипичен развој, односно млади со попреченост со цел подобрување на нивниот животен стандард (во соработка со Министерството за финансии и Министерство за економија).
3. Воведување на функционални механизми за поддршка на млади жртви на семејно и/или врсничко насилство, млади кои се борат со зависности и сл.
4. Креирање на сеопфатни и специфично насочени економски политики кон младите со цел нивно поголемо вработување и креирање на поголема економска независност (во соработка со Агенцијата за млади и спорт).
5. Усвојување на рамка за функционални социјални претпријатија за вработување на ранливи категории млади (по примерот на *Лице в лице*, *Покров* и др. (https://sen.mk/)

Препораки кои се однесуваат на Агенцијата за млади и спорт

1. Креирање и имплементација на политики за млади, како стратегија за млади и акциски план за млади преку кои плански и стратешки ќе се работи на одговор на младинските потреби.
2. Креирање на политики кои ќе придонесат кон поголема слобода во движењето и мобилноста на младите.
3. Креирање на стратегии, мерки и политики насочени кон подобрување на целокупниот животен стандард на младите со цел намалување на желбата за емиграција од државата.
4. Широко промовирање на младинската картичка за подобро запознавање со постоечките можности за младинско вработување и нивно искористување.
5. Креирање на можности за спорт и рекреација за младите во помалите населени места.
6. Усвојување и спроведување на мерки за олеснување на вработувањето од страна на државата, поврзување со бизнис-секторот и образовните институции (во соработка со Министерството за финансии и Министерството за економија)
7. Зголемување на видливоста и признавање на вредноста на младинската работа, со акцент на нејзино промовирање.

Препораки кои се однесуваат на Министерството за образование и наука

1. Поголем фокус од страна на образовните власти на техничката опременост и соодветните ресурси за настава и учење во училиштата, поттикнување и организирање на квалитетна практична настава за учениците, како и овозможување на квалитетни учебници и други ресурси за учење.
2. Овозможување на настава на мајчиниот јазик во што повеќе училишта во местата каде што живеат заедници кои зборуваат на различен јазик од оној на мнозинството во тоа населено место.
3. Финансиска помош и стипендии за оние ученици кои треба да патуваат до други населени места/градови за да можат да го учат/студираат тоа што примарно ги интересира.
4. Овозможено квалитетно кариерно советување на младите на крајот на основно и пред крајот на средно образование.
5. Поголемо вклучување на младите во процесите на носење одлуки, особено оние процеси што се на локално ниво и во рамки на училиштето (во соработка со единиците на локалната самоуправа).
6. Креирање политики и механизми кои ќе овозможат полесен пристап до средните стручни училишта за учениците кои доаѓаат од населени места со помал број на жители.
7. Измена на Законот за средно образование каде што ќе се регулира средношколското учество на ниво на училиште и на ниво на држава.
8. Финализирање на текстот на законот за младински стандард и негово усвојување и имплементирање од страна на надлежните институции.

Препораки кои се однесуваат на Министерството за култура

1. Креирање и поддржување на „точки на културата", во рамки на младинските центри предвидени во Законот за млади и младински политики, со цел создавање места на локално ниво во кои ќе се понудат културни активности во соработка со институциите од областа на културата од најблиските соседни големи места и градови.
2. Еднаква застапеност и развој на културата во сите места на државата од страна на централните власти и поддршка на културни активности наменети за сите групи млади во текот на целата година.
3. Отворање културни институции (театар, кино, уметничка галерија) во помалите места со цел младите коишто се од овие места да имаат лесен пристап до културните активности.

Препораки кои се однесуваат на Министерството за локална самоуправа и единиците на локалната самоуправа

1. Поддршка на училиштата во пристапот до меѓународни фондови и во нивната соработка со граѓанските организации.
2. Третирање на локалните младински совети како партнери на локалната самоуправа со цел вистинска репрезентација и учество на младите во процесот на носење политики преку редовна консултација со младите на општинско ниво при креирање на политиките.
3. Доследно формирање на локалните младински совети предвидени во Законот за младинско учество и младински политики со цел овозможување поголемо учество на младите во единиците на локалната самоуправа.
4. Поголем фокус на единиците на локалната самоуправа со мал број на жители во областа на културата, во смисла на овозможување, финансирање и креирање културни активности.
5. Поголемо инволвирање во спроведување на образовниот процес во основните и средните училишта преку проекти за размена на добри практики со други училишта, на национално и меѓународно ниво, активности и иницијативи (во соработка со Министерството за образование и наука).
6. Спроведување на консултативни состаноци со бизнис-заедницата за креирање можности за инволвирање на бизнисот во спроведување на практичната настава преку преземање на практиканти и вклучување на бизнисмени и менаџери со нивното искуство во спроведување на практичната настава (во соработка со Министерството за образование и наука).
7. Доследна примена на одредбите од Законот за младинско учество и младински политики во смисла на вработување на службеник за млади во општините како и отворање на младинските центри.

Препораки кои се однесуваат на приватниот сектор и граѓанските организации

1. Спроведување на информативна кампања за своето делување, мисија и активности меѓу младите во основните и средните училишта, преку која ќе ја доближат младинската работа до младите (младински организации и организации за млади).
2. Овозможување бесплатни обуки, курсеви кои не се во програмата на формалното образование, односно во редовната настава на училиште или на факултет, со особен акцент на населените места со помал број на жители (во соработка со Министерството за образование и наука).

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

- "Have your say!" – Manual on the Revised European Charter on the Participation of Young People in Local and Regional Life Council of Europe (2008), p. 21. Достапно на: https://rm.coe.int/16807023e0
- 2037 (XX). Declaration on the Promotion Among Youth of the Ideals of Peace, Mutual Respect and Understanding Between Peoples. General Assembly of United Nations. Достапно на: http://www.un-documents.net/a20r2037.htm
- An EU Strategy for Youth – Investing and Empowering, A renewed open method of coordination to address youth challenges and opportunities, 2009. Достапно на: https://youth.gov.mt/wp-content/uploads/2020/02/youth-strategy-assessment-2009_en.pdf?e4b9cf&e4b9cf
- UNDP, (1992): Human Development Report, p. 17. Достапно на: https://digitallibrary.un.org/record/240245
- Закон за младинско учество и младински политики. Достапно на: https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2020/03/Zakon-za-mladinsko-uchestvo-i-mladinski-politiki-16-01-2020.pdf
- Национална стратегија за млади (2016 - 2025). Достапно на: http://dpnsee.org/wp-content/uploads/2019/04/%D0%9D%D0%B0%D1%86%D0%B8%D0%BE%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B0-%D0%A1%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D0%BC%D0%BB%D0%B0%D0%B4%D0%B8-2016-2025.pdf
- Национална стратегија за вработување на Република Македонија (2016-2020). Достапно на: https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/strategii/Nacionalna%20Strategija%20za%20Vrabotuvane%20na%20Republika%20Makedonija%20za%20Vlada%2016102015.pdf
- Акциски план за вработување на млади лица 2016-2020 година, Министерство за труд и социјална политика. Достапно на:

http://dit.gov.mk/wp-content/uploads/2017/08/2016_Akciski-plan-za-vrabotuvanje-mladi-2016-2020-godina_MK-pv-.pdf

- Закон за волонтерство. Достапно на: https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/zakoni/precisten_tekst_volonterstvo.pdf
- Студија за млади на Северна Македонија 2018/2019, Фондација „Фридрих Еберт". Достапно на: http://library.fes.de/pdf-files/bueros/skopje/15292.pdf
- Младинска вработеност во Република Северна Македонија – основна студија и препораки, Институт за европска политика, Скопје. Достапно на: https://epi.org.mk/post/13484
- 10 години статус кво, истражување за социјалниот капитал на младите, Младински образовен форум, 2020 година. Достапно на: https://mof.mk/wp-content/uploads/2021/06/10godiniStatusKvo-Mladinski-obrazoven-forum-1.pdf
- Влијанието на КОВИД-19 кризата врз лицата со попреченост во Северна Македонија, Хелсиншки комитет за човекови права, 2021 година. Достапно на: https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2021/06/vlijanieto-na-kovid-19-vrz-licata-so-poprechenost.pdf
- Закон за младинско учество и младински политики, 2020 година. Достапно на: https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2020/03/Zakon-za-mladinsko-uchestvo-i-mladinski-politiki-16-01-2020.pdf
- Закон за високото образование. Достапно на: https://mon.gov.mk/stored/document/Zakon%20za%20visokoto%20obrazovanie%20NOV.pdf
- Закон за средно образование. Достапно на: https://mon.gov.mk/stored/document/Zakon%20za%20srednoto%20obrazovanie.pdf
- Законот за волонтерство, јули 2007, „Службен весник" на РМ бр.85/2007. Достапно на: https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/zakoni/precisten_tekst_volonterstvo.pdf

- Млади во Криза, МОФ, Реактор, ЗМАИ и група ГО, 2020 година. Достапно на: https://mof.mk/wp-content/uploads/2021/07/Mladi-vo-kriza-2.0-Proshirena-verzija.pdf
- Закон за младинско учество и младински политики. Достапно на: https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2020/03/Zakon-za-mladinsko-uchestvo-i-mladinski-politiki-16-01-2020.pdf
- Социо-политичко учество на младите чество на младите во Северна Македонија: апатија, оптимизам или разочараност? Фондација за демократија на Вестминстер, Младински образовен форум, 2019. Достапно на: https://mof.mk/wp-content/uploads/2021/07/WFD-26-FINAL-MK-za-web.pdf
- Родени во транзиција, Ситуациона анализа на млади луѓе во Северна Македонија, УНИЦЕФ, 2020. Достапно на: https://www.unicef.org/northmacedonia/reports/born-transition
- Children's Participation From tokenism to citizensip, UNICEF, 2020. Достапно на: https://www.unicef-irc.org/publications/pdf/childrens_participation.pdf

ПРИЛОЗИ

Прашалник за млади

Веруваме дека секое младо лице сака подобри услови за живот!

Сега и ти имаш можност да придонесеш во креирањето на иднината на многу млади во твојата локална заедница.

Младинскиот образовен форум, во рамки на проектот „Квалитетни образовни политики и можности за младите", поддржан од Фондацијата Отворено општество – Македонија, спроведува анкета за утврдување на ставовите и мислењата на младите од нашата држава во неколку области.

Пред тебе се наоѓаат прашања кои се однесуваат на најактуелните теми поврзани со младите денес.

Ќе ни значи доколку одвоиш петнаесетина минути и придонесеш за подобар квалитет на живот во твоето место на живеење.

I Демографски прашања

1. Возраст

2. Род
   Жена/девојка
   Маж
   Претпочитам да не одговорам
   Друго

3. Етничка припадност
   Македонец/ка
   Албанец/ка
   Турчин/ка
   Ром/ка
   Влав/инка
   Србин/ка

Бошњак/чка

Друго

4. Место на живеење

   Дропдаун мени со општини да се избере

5. Број на жители во место на живеење

   од 1 до 300 жители

   од 301 до 800 жители

   од 801 до 1000 жители

   од 1.001 до 5.000 жители

   од 5.001 до 10.000 жители

   од 10.001 до 50.000 жители

   од 50.001 до 100.000 жители

   над 100.0001

6. Степен на образование – кој е највисокиот степен на образование кој сте го завршиле

   Некомплетирано основно

   Комплетирано основно образование

   Средно образование

   Високо образование

   Постдипломски студии

7. Образование на родители/старатели - да има две колони за мајка и за татко со истите категории

   Некомплетирано основно

   Комплетирано основно образование

   Средно образование

   Високо образование

   Постдипломски студии

8. Статус – во моментов Вие сте:

   Средношколец/ка

   Студент/ка

   Вработен/а

   Невработен/а

   Друго ----------

9. Домување – наведете го вашиот начин на живеење:

   живееш самостојно,

   со родителите,

   со цимер,

   во сопствен стан,

   под кирија

   друго----------

10. Дали во моментов учиш/студираш/работиш во твоето место на живеење?

    Да, во истото место на живеење

    Не, учам/студирам/работам надвор од моето место на живеење

II - Животен стандард

1. Колку си задоволен од твојот стандард како млад човек? или како би го оцениле вашиот квалитет на живот?

   1-5 (1 незадоволен, 5 многу задоволен)

2. Твојот животен стандард во последните 3 години… (Можете да изберете само еден одговор)

   Се влоши во голема мера

   Се влоши

   Остана ист

   Се подобри

   Се подобри во голема мера

3. Кога ќе ги земеш предвид следниве области, како би оцение каде вие се наоѓаш на скала од 1 до 5 (или колку си задоволни на скала од 1-5 каде 1 е најниско а 5 највисоко ниво на задоволство) од

   Приходи

   Работен статус

   Образование и обука

   Здравствена заштита

   Домување

   Квалитет на живот

4. Во која мера твојот животен стандард како млад човек зависи од следниве работи?

1-5 (1 незадоволен, 5 многу задоволен)

   Од целокупната ситуација во државата

   Од квалитетот на младинските политики и нивната примена

   Од степенот на образование што го имам

   Од знаењето, способностите и вештините кои ги имам

   Од целокупните можности за континуиран развој

   Од квалитетот на здравствена заштита што го добивам

   Од местото на живеење, во поголем град има повеќе можности за се

   Од врски и пријатели

   Од партиски врски

   Од висината на приходите со кои располагам (мој и/или на моите родители)

   Од целокупната поддршка од моите родители

   Од среќата

5. Дали сметаш дека државата прави доволно и ја обезбедува неопходната поддршка за квалитетен живот и животен стандард за младите, твои врсници кои:

(ДА, / ДЕЛУМНО / НЕ / НЕ ЗНАМ)

Живеат во сиромаштија

Се млади со атипичен развој (лица со попреченост)

Се млади кои живеат во загрижувачки семејства или домови

Се млади со хронични заболувања и/или ретки болести

Живеат во поправни домови /издржуваат казна во поправни домови

Поминуваат долго време во болница заради специфична здравствена состојба

Живеат во неразвиени рурални средини

III – образование и статус

1 . Заокружи 3 позитивни работи кои според тебе постојат во нашиот образовен систем

наставна програма

изборни предмети од Ваш интерес

Квалитетни наставници

соодветна училишна инфраструктура (училници, спортски сали, библиотека, двор итн.)

техничка опременост и соодветни ресурси за настава и учење

можност/пристап за образование на мајчин јазик

квалитетни учебници и други ресурси за учење

можност за воннаставни и други активности

организирана квалитетна пракса

друго----------

2. Заокружи 3 негативни работи кои според тебе постојат во нашиот образовен систем:

наставна програма

изборни предмети од Ваш интерес

Квалитетни наставници

соодветна училишна инфраструктура (училници, спортски сали, библиотека, двор итн.)

техничка опременост и соодветни ресурси за настава и учење

можност/пристап за образование на мајчин јазик

квалитетни учебници и други ресурси за учење

можност за воннаставни и други активности

организирана квалитетна пракса

друго----------

3. Дали следиш или следеше настава на твојот мајчин јазик во средно училиште:

Да, на – (да се стави дропдаун мени со 3 те наставни јазици македонски, албански и турски

Не

4. Означеи во која мера се согласуваш со овие искази ?

ДА /ДЕЛУМНО/ НЕ /НЕ ЗНАМ, НЕ МОЖАМ ДА ПРОЦЕНАМ

Пристапот до образование на мајчин јазик одигра клучна улога во изборот на моето образование

Пристапот до образование на мајчин јазик влијае врз академскиот успех

Изборот на моето образование зависеше од достапната образовна понуда во моето место на живеење (гимназиско или средно стручно)

Би избрал/а гимназиско образование наместо стручно да имав можност за таков избор во моето место на живеење

Би избрал/а стручно наместо гимназиско образование да имав можност да ја одберам струката која ја сакам во моето место на живеење

Финансиските можности во семејството влијаеја врз мојот избор на училиште/факултет

Доколку имам финансиски можности би патувал/а до друго место за да учам/студирам тоа што сакам

5. Означеи во која мера се согласуваш со следните искази:

   Воопшто не/ Малку / До одреден степен /Во голема мера

Мислам дека образованието што го стекнав ќе ми овозможи вработување во иднина во областа на за која учев

Образованието што го стекнав/стекнувам ми даде/дава знаења и вештини потребни за вработување во професијата

6. Кои од понудените опции ги има во твоето место на живеење:

   ДА/ ДЕЛУМНО/НЕ

   Можности за посета на пракса (некаква форма на организирани практични часови како дел од твоето формално средно и/или факултетско образование?
   Можности за некаков вид организирана волонтерска работа во рамките на вашето училиште / факултет со активности внатре или надвор од училиштето / факултетот?
   Можности за младинска работа?
   Можности за бесплатна обука, курсеви и обуки што не се во програмата на формалното образование, т.е. тие не се дел од редовната настава на училиште или факултет.
   Можности за изучување курсеви за странски јазици, компјутери
   Можности за ученичка и/или студентска размена со млади од други краеви од државата и од други држави
   Можности за учество во програми за одвикнување од зависности
   Можности за психосоцијална поддршка во училиште или надвор

7. Што е тоа што сакаш да се случи за подобрување на можностите и условите за образование на младите во твоето место на живеење во следните 5 години?

IV – култура и забава

1. Колку си задоволен/на од можностите за културни активности во твоето место на живеење? – ВООПШТО/МАЛКУ/И СУМ И НЕ СУМ/МНОГУ ЗАДОВОЛЕН
2. Кои од понудените опции за културни активности се достапни во твоето место на живеење?

   кино,

   театар,

   балет,

   концертна сала,

   уметничка галерија

   ДРУГО ---------

3. Колку си задоволен/на од можностите за забава во твоето место на живеење? - ВООПШТО/МАЛКУ/И СУМ И НЕ СУМ/МНОГУ ЗАДОВОЛЕН

4. Кои од понудените опции за забава за млади се достапни во твоето место на живеење?

   клубови за танц,

   ноќни клубови,

   скејт паркови,

   патеки за велосипеди,

   клубови за јога и медитација

   друго

5. Колку си задоволен/на од можностите за спорт и рекреакција во твоето место на живеење? - ВООПШТО/МАЛКУ/И СУМ И НЕ СУМ/МНОГУ ЗАДОВОЛЕН

6. Кои од понудените опции за спортски активности ги има во твоето место на живеење?
   фудбал,
   ракомет,
   кошарка,
   карате и др. Боречки вештини,
   пливање и други водни спортови
   ДРУГО

7. Дали би избрал/а да живееш постојано или привремено во место во кое би имало подобри можности за културно-забавен и спортско рекреативен живот на младите?
   ДА/НЕ/НЕМАМ МИСЛЕЊЕ

8. Според тебе кој е надлежен орган/институција за подобрување на можностите за културно-забавен и спортско рекреативен живот на младите во твоето место на живеење ?
   Влада,
   локална самоуправа,
   приватни компании/спонзори,
   совети за млади, група младинци со свои иницијативи
   ДРУГИ----------

9. Доколку би имал/а идеја/и за подобрување на културно-забавен и спортско рекреативен живот на младите во твоето место на живеење дали би поднел/а своја иницијатива до месната заедница/општината?
   ДА/НЕ/НЕ ЗНАМ ДАЛИ МОЖЕ

10. Според тебе како може да се подобрат условите и можности за културно-забавен и спортско рекреативен живот на младите во твоето место на живеење? – ----------

V –учество во донесување одлуки

1.Дали во последните 6 / 12 месеци си учествувале во некој процес на донесување одлуки во твоето училиште / факултет / општина / државна институција?

Да

Не

2. Ако Да, на кој начин беше вклучен/а? аУчество во изборен процес на ученички/студентски претставници во рамки на училиштето/факултетот

Учество во иницијатива на ниво на училиште/факултет

Учество на јавни расправи/консултации на општинско ниво

Учество во иницијатива на општинско ниво

Учество во носење на одлуки преку неформални иницијативи или во рамки на граѓански организации

Гласање на парламентарните избори во јули, 2020 година

Друго (дополни) (отворено прашање)

3. На скала од 1 до 5 оцени ја ефективноста на твојата вклученост каде 1 е симболично учество, а 5 е влијание врз одлуката.

Оценка 1 – 5

Образложение: (по потреба)

4.Дали во последните 6/12 месеци си биле консултиран/а од локалните власти во врска со креирање на некоја политика во рамки на заедницата во која живееш?

Да/Не

5.Доколку да, за што стануваше збор?

Учество во процес на создавање на Детален урбанистички план (ДУП)

Учество во процес на создавање на Локален младински совет

Учество во процес на создавање на Локална младинска стратегија

Консултации за велосипедска инфраструктура

Консултации за собирање на ѓубрето и сметот и отстранување на диви депонии

Друго (дополни) (отворено прашање)

6.Дали сте слушнале за локални младински совети?

Да

Не

7.Дали сметаш дека локалните младински совети може ефективно да ги застапуваат интересите и потребите на младите?

8.Дали, доколку постои можност во твојата општина, би станал/а член на локалниот младински совет?

Да/Не

9.Доколку не, зошто?

Сметам дека учеството би било симболично и нема да предизвика некаква реална промена;

Немам доволно слободно време;

Не ме интересира политиката на локално ниво;

Сметам дека формалниот, институционален пристап не е правилниот начин за дејствување за промена на политика/и.

Друго (дополни) (отворено прашање).

VI – други прашања од интерес за младите –

1 Колку се важни следниве можности:

малку ми се важни / делумно ми се важни / многу ми се важни

квалитетно образование согласно моите желби и интереси

континуирано надоградување на моите знаења и вештини

вработување

напредување во професијата

решавање на станбеното прашање

економска независност

младите да прават што сакаат и што им е важно

политичко учество

забава, рекреација и активен одмор

активно учество во општествениот живот

слободно движење и патување

Друго ---------- (отворен тип со можност да додадат што им е важно)

2. Означете во која мера се согласуваш со следните искази за животот на младите (Скала од 1 до 5)

Младите во нашата држава се економски зависни од семејството подолг период
Тешко е да се биде млад човек од маргинализирана заедница во нашата држава (млади со попреченост, млади Роми и од други малцински заедници,

млади припадници на ЛГБТИ заедницата, млади кои злоупотребуваат дроги итн.)
Младите не се чувствуваат како носители на демократските промени во државата
Многу млади луѓе ја гледаат својата иднина надвор од државата
Младите немаат можност да ги реализираат своите потенцијали во државата
Мотивите на младите за учество во политичките партии не се базира на доволно познавање на идеологијата, туку на можност за добивање лични бенефиции
Планирам да заминам од Северна Македонија во следните 1-2 години

3. Означете дали се согласуваш со следните искази за вработувањето во Северна Македонија. Да/ делумно/не

Најдобрите работни места во Македонија се во јавниот сектор.
младите во Македонија е лесно да започнат свој бизнис.
Ако сакам да започнам бизнис, лесно е да се регистрирам.
Ако сакам да започнам бизнис, лесно е да се добие кредит.
Задоволен сум со својата работа.
За млад човек како мене е полесно да зема социјална помош од државата отколку да бара работа.
Полесно е човек да најде работа ако е маж.
Полесно е човек да најде работа ако потекнува од богато семејство.
Потешко е човек да најде работа ако тој или неговото семејство нема врски.
Нема поента да се пријавувам за работа, бидејќи немам квалификации.
Полесно е да се најде работа надвор од земјата

4. Доколку сакаш, можеш да дополниш уште нешто што е важно за животот на младите во местото на живеење за кое не беше прашан/а во прашалникот-------
----

Протокол за фокус групи

Добар ден добредојдовте на оваа фокус група. Работам за МОФ како истражувач.

Денес ве поканивме на груп дискусија на тема што е важна за нас.

Ви благодарам многу што се вклучивте денес.

Ќе зборуваме за работи што се важни за младите како вас и се надевам дека ќе ви биде интересно. Тука не постојат погрешни одговори, ова не е испит и никој нема да биде оценет. Ме интересира вашата позиција и вашето мислење. Секој одговор е точен одговор. Сè што треба да направите е да се опуштите и да разговарате.

Но, ајде прво да завршиме неколку формалности. Овој групен разговор ќе биде аудио снимен заради креирање на извештај.

Сите податоци и информации ќе бидете користени исклучиво за целите на ова истражување и нема да бидете достапни на јавноста. Ве молам само информирајте ме, дали се согласувате да се сними нашиот разговор, за да можеме да направиме транскрипти врз основа на кои ќе направиме извештаи.

Овој разговор ќе трае околу 120 минути и јас би ценел/а ако може да потврдите дека ќе можете да останете со мене во тоа време.

Исто така, ќе ве замолам да го исклучите вашиот мобилен телефон за време на овој разговор. Ви благодарам.

Она што сакам да ви го кажам е дека ќе разговараме на неколку теми и дека секој од вас, почнувајќи од мојата десна страна ќе се произнесе и ќе даде мислење со концизен одговор – секое ислагање е добро да трае не повеќе од 2-3 минути за да се остави можност за сите подеднакво да учествуваат.

ПРОБЛЕМИ СО КОИ МЛАДИТЕ ТЕКОВНО СЕ СООЧУВААТ

За почеток, ќе разговараме за теми поврзани со проблемите со кои се соочуваат млади луѓе како вас денес. Ве молам одговорете ми на следниве прашања на начин на кој мислите дека треба. Повторно сакам да ве потсетам дека нема точни или погрешни одговори.

Според вас, кои се најважните проблеми на младите во нашето општество? Кој е проблемот на прво место?

Пред 4 години, младите сметаа дека најголеми проблеми на младите се: невработеност, материјален и економски недостаток на независност и алкохолизам, зависност од дрога, деликвенција итн.

Анкетите покажуваат дека проблемот со невработеноста сè уште е на прво место, и дека младите ја перципираат материјалната и економската независност како растечки проблем. Како го коментирате тоа?

Дополнително, како коментирате дека алкохолизмот, зависноста од дрога, деликвенцијата веќе не се толку големи проблеми за младите како што беше случај порано?

Што сметате дека се променило од изминатите четири години до денес?

ОБРАЗОВАНИЕ

Сега ќе разговараме за образованието и образовниот систем. Сите сте поминале или сè уште сте во процес на образование. Ве молам искрено одговорете ми на прашањата што ќе ви ги поставам. Одговорете на она што сте го доживеале, на она што сте биле сведоци, а не на она што некој ви го кажал. Значи, ме интересира вашето лично искуство или како актер или како набудувач.

Кое е вашето образовно искуство? Дали сте наишле на дискриминација? Ако е така, од кого најмногу? Кој беше етничкиот состав во текот на одбраозавнието? Колку добро познавате припадници на народи / етнички групи / верски заедници, освен таа на која припаѓате? Колку знаете и каков е вашиот став кон нив? За

време на школувањето, дали имавте можност да научите за културата и обичаите на другите националности од Македонија?

Како го прецепирате квалитетот на образованието денес?

Како е во споредба со пред 4 години?

Дали имавте можност да бидете вклучени во пракса, волонтерски активности преку нашиот образовен систем.

Како, тогаш, го коментирате наодот дека младите мислат дека образовниот систем се перципира како растечки проблем за младите?

КВАЛИТЕТ НА ЖИВОТ ПЕРЦЕПЦИЈА НА ИДНИНАТА

Ќе ве замолам да кажете нешто за вашиот сегашен животен стандард и каква иднина очекувате врз основа на претходното искуство и она на што во моментов сте сведоци. Дали е намален и бројот на млади луѓе кои очекуваат стандардот да остане ист или да се влоши во иднина? Како го коментирате тоа? Врз основа на што младите ја имаат оваа перцепција за иднината? Кога зборувате за квалитет на живот, со што го споредувате за да процените дали е добар или лош?

АНЕКС

Табела бр. 1: Значајност на разлики помеѓу аритметички средини кај испитаниците од различно место на живеење во однос на шесте домени на задоволство

		Сума на квадрати	Df	Среден квадрат	F	Sig.
Приходи	Помеѓу групите	14.0	7	2.010	1.337	.230
	Во групите	1148.9	764	1.504		
	Вкупно	1163.0	771			
Работен [22]статус	Помеѓу групите	2.837	7	.405	.223	.980
	Во групите	1354.5	746	1.816		
	Вкупно	1357.402	753			
Образование и обука	Помеѓу групите	9.585	7	1.369	.960	.459
	Во групите	1088.0	763	1.426		
	Вкупно	1097.6	770			
Здравствена заштита	Помеѓу групите	14.2	7	2.030	1.187	.308
	Во групите	1303.370	762	1.710		
	Вкупно	1317.579	769			
Домување	Помеѓу групите	25.232	7	3.605	2.248	.029
	Во групите	1221.585	762	1.603		
	Вкупно	1246.817	769			
Квалитет на живот	Помеѓу групите	7.870	7	1.124	.817	.573
	Во групите	1049.409	763	1.375		
	Вкупно	1057.279	770			

[22] Табела бр. 1 во Анекс

Табела бр. 2: Значајност на разлики помеѓу аритметички средини кај испитаниците од различните плански региони во однос на шесте домени на задоволство

		Sum of Square	Df	Mean Square	F	Sig.
Приходи	Помеѓу групите	8.443	7	1.206	.805	.583
	Во групите	1164.207	777	1.498		
	Вкупно	1172.650	784			
Работен статус	Помеѓу групите	36.438	7	5.205	2.957	.005
	Во групите	1336.075	759	1.760		
	Вкупно	1372.514	766			
Образование и обука	Помеѓу групите	3.276	7	.468	.324	.943
	Во групите	1122.990	778	1.443		
	Вкупно	1126.266	785			
Здравствена заштита	Помеѓу групите	12.831	7	1.833	1.075	.377
	Во групите	1321.371	775	1.705		
	Вкупно	1334.202	782			
Домување	Помеѓу групите	4.439	7	.634	.389	.909
	Во групите	1264.315	776	1.629		
	Вкупно	1268.754	783			
Квалиет на живот	Помеѓу групите	16.141	7	2.306	1.690	.108
	Во групите	1060.437	777	1.365		
	Вкупно	1076.578	784			

Табела бр. 3 Значајност на разлики помеѓу аритметички средини кај испитаниците од различни плански региони во однос на различните аспекти кои придонесуваат на задоволството

		Sum of Squares	df	Mean Square	F	Sig.
Од целокупната ситуација во државата	Помеѓу групите	32.413	7	4.630	2.572	**.013**
	Во групите	1391.477	773	1.800		
	Вкупно	1423.890	780			
Од квалитетот на младинските политики и нивната примена	Помеѓу групите	10.934	7	1.562	.844	.551
	Во групите	1416.238	765	1.851		
	Вкупно	1427.172	772			
Од степенот на образование што го имам	Помеѓу групите	6.141	7	.877	.555	.792
	Во групите	1218.216	771	1.580		
	Вкупно	1224.357	778			
Од знаењето, способностите и вештините кои ги имам	Помеѓу групите	7.453	7	1.065	.775	.608
	Во групите	1060.265	772	1.373		
	Вкупно	1067.718	779			
Од целокупните можности за континуиран развој	Помеѓу групите	6.776	7	.968	.701	.671
	Во групите	1057.789	766	1.381		
	Вкупно	1064.565	773			
Од квалитетот на здравствена заштита што го добивам	Помеѓу групите	16.328	7	2.333	1.424	.192
	Во групите	1254.675	766	1.638		
	Вкупно	1271.003	773			
Од местото на живеење, во поголем град има повеќе можности за се	Помеѓу групите	3.632	7	.519	.318	.946
	Во групите	1257.362	771	1.631		
	Вкупно	1260.994	778			
Од врски и пријатели	Помеѓу групите	6.099	7	.871	.488	.844
	Во групите	1376.056	770	1.787		
	Вкупно	1382.156	777			
Од партиски врски	Помеѓу групите	22.044	7	3.149	1.139	.336
	Во групите	2095.174	758	2.764		
	Вкупно	2117.218	765			
Од висината на приходите со кои располагам (мој и/или на моите родители)	Помеѓу групите	10.385	7	1.484	.951	.466
	Во групите	1198.357	768	1.560		
	Вкупно	1208.742	775			
Од целокупната поддршка од моите родители	Помеѓу групите	18.535	7	2.648	1.727	.099
	Во групите	1181.873	771	1.533		

	Вкупно	1200.408	778			
Од среќата	Помеѓу групите	14.093	7	2.013	1.073	.379
	Во групите	1447.887	772	1.876		
	Вкупно	1461.979	779			

Табела бр. 4 Значајност на разлики помеѓу аритметички средини кај испитаниците од различно местпо на живеење во однос на различни аспекти кои придонесуваат за задоволство на испитаниците

		Sum of Squares	df	Mean Square	F	Sig.
Од целокупната ситуација во државата	Помеѓу групите	22.697	7	3.242	1.776	.089
	Во групите	1391.492	762	1.826		
	Вкупно	1414.188	769			
Од квалитетот на младинските политики и нивната примена	Помеѓу групите	22.205	7	3.172	1.715	.102
	Во групите	1396.822	755	1.850		
	Вкупно	1419.028	762			
Од степенот на образование што го имам	Помеѓу групите	22.492	7	3.213	2.050	.047
	Во групите	1189.664	759	1.567		
	Вкупно	1212.156	766			
Од знаењето, способностите и вештините кои ги имам	Помеѓу групите	31.855	7	4.551	3.371	.002
	Во групите	1024.614	759	1.350		
	Вкупно	1056.469	766			
Од целокупните можности за континуиран развој	Помеѓу групите	13.145	7	1.878	1.388	.207
	Во групите	1021.696	755	1.353		
	Вкупно	1034.841	762			
Од квалитетот на здравствена заштита што го добивам	Помеѓу групите	16.658	7	2.380	1.469	.175
	Во групите	1222.807	755	1.620		
	Вкупно	1239.465	762			
Од местото на живеење, во поголем град има повеќе можности за се	Помеѓу групите	13.164	7	1.881	1.164	.321
	Во групите	1226.158	759	1.615		
	Вкупно	1239.322	766			
Од врски и пријатели	Помеѓу групите	7.394	7	1.056	.597	.759
	Во групите	1341.056	758	1.769		
	Вкупно	1348.450	765			
Од партиски врски	Помеѓу групите	18.357	7	2.622	.953	.465

	Во групите	2056.432	747	2.753		
	Вкупно	2074.789	754			
Од висината на приходите со кои располагам (мој и/или на моите родители)	Помеѓу групите	10.539	7	1.506	.959	.460
	Во групите	1186.438	756	1.569		
	Вкупно	1196.978	763			
Од целокупната поддршка од моите родители	Помеѓу групите	17.372	7	2.482	1.614	.128
	Во групите	1166.696	759	1.537		
	Вкупно	1184.068	766			
Од среќата	Помеѓу групите	4.193	7	.599	.316	.947
	Во групите	1437.523	759	1.894		
	Вкупно	1441.716	766			

Табела бр. 5 Значајност на разлики помеѓу аритметички средини кај испитаниците од различно местпо на живеење во однос на ставови поврзани со пристап до образование

		Sum of Squares	df	Mean Square	F	Sig.
Пристапот до образование на мајчин јазик одигра клучна улога во изборот на моето образование	Помеѓу групите	5.404	7	.772	1.030	.409
	Во групите	534.610	713	.750		
	Вкупно	540.014	720			
Пристапот до образование на мајчин јазик влијае врз академскиот успех	Помеѓу групите	8.595	7	1.228	1.988	.054
	Помеѓу групите	436.051	706	.618		
	Вкупно	444.646	713			
Изборот на моето образование зависеше од достапната образовна понуда во моето место на живеење (гимназиско или средно стручно)	Помеѓу групите	7.740	7	1.106	1.498	.165
	Во групата	541.048	733	.738		
	Вкупно	548.788	740			
Би избрал/а гимназиско образование наместо стручно да имав можност за таков избор во моето место на живеење	Помеѓу групите	5.533	7	.790	1.074	.378
	Во групите	484.911	659	.736		
	Вкупно	490.444	666			

Би избрал/а стручно наместо гимназиско образование да имав можност да ја одберам струката која ја сакам во моето место на живеење	Помеѓу групите	9.028	7	1.290	1.559	.144
	Во групите	559.058	676	.827		
	Вкупно	568.086	683			
Финансиските можности во семејството влијаеја врз мојот избор на училиште/факултет	Помеѓу групите	6.777	7	.968	1.201	.300
	Во групите	595.740	739	.806		
	Вкупно	602.517	746			
Доколку имам финансиски можности би патувал/а до друго место за да учам/студирам тоа што сакам	Помеѓу групите	3.563	7	.509	.856	.541
	Во групите	425.159	715	.595		
	Вкупно	428.722	722			

Табела бр. 6 Значајност на разлики помеѓу аритметички средини кај испитаниците од различни плански региони во одноц на пристапноста до образование од интерес

		Sum of Squares	df	Mean Square	F	Sig.
Пристапот до образование на мајчин јазик одигра клучна улога во изборот на моето образование	Помеѓу групите	5.103	7	.729	.972	.451
	Во групите	543.893	725	.750		
	Вкупно	548.996	732			
Пристапот до образование на мајчин јазик влијае врз академскиот успех	Помеѓу групите	2.594	7	.371	.591	.764
	Во групите	449.566	717	.627		
	Вкупно	452.160	724			
Изборот на моето образование зависеше од достапната образовна понуда во моето место на живеење (гимназиско или средно стручно)	Помеѓу групите	13.834	7	1.976	2.717	.009
	Во групите	541.144	744	.727		
	Вкупно	554.979	751			
Би избрал/а гимназиско образование наместо стручно да имав можност за таков избор во моето место на живеење	Помеѓу групите	2.564	7	.366	.490	.842
	Во групите	498.422	667	.747		
	Вкупно	500.987	674			

Би избрал/а стручно наместо гимназиско образование да имав можност да ја одберам струката која ја сакам во моето место на живеење	Помеѓу групите	24.472	7	3.496	4.334	.000
	Во групите	549.308	681	.807		
	Вкупно	573.779	688			
Финансиските можности во семејството влијаеја врз мојот избор на училиште/факултет	Помеѓу групите	9.052	7	1.293	1.608	.130
	Во групите	603.039	750	.804		
	Вкупно	612.091	757			
Доколку имам финансиски можности би патувал/а до друго место за да учам/студирам тоа што сакам	Помеѓу групите	4.413	7	.630	1.062	.386
	Во групите	431.065	726	.594		
	Вкупно	435.478	733			

Табела бр. 7 Значајност на разлики помеѓу аритметички средини кај испитаниците од различни места на живеење во однос на можностите за културни активности, забава, спорт и рекреација

		Sum of Squares	Df	Mean Square	F	Sig.
Културни активности	Помеѓу групи	15.621	7	2.232	2.359	.022
	Во групи	715.023	756	.946		
	Вкупно	730.644	763			
Забава	Помеѓу групи	7.380	7	1.054	1.059	.388
	Во групи	751.498	755	.995		
	Вкупно	758.878	762			
Спорт и рекреација	Помеѓу групи	16.527	7	2.361	2.289	.026
	Во групи	779.687	756	1.031		
	Вкупно	796.215	763			

Табела бр. 27 Споредба на можности за различни активности

		Sum of Squares	df	Mean Square	F	Sig.
Културни активности	Between Groups	15.621	7	2.232	2.359	.022
	Within Groups	715.023	756	.946		
	Total	730.644	763			
Забава	Between Groups	7.380	7	1.054	1.059	.388
	Within Groups	751.498	755	.995		
	Total	758.878	762			
Спорт и рекреација	Between Groups	16.527	7	2.361	2.289	.026
	Within Groups	779.687	756	1.031		
	Total	796.215	763			